УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Институт за безбедност, одбрана и мир
Последипломски студии од областа на безбедноста

Магистерски труд

# Улогата на меѓународните полициски организации во спречување на трговијата со наркотици во Западен Балкан

Ментор:
Проф. д-р Тања Милошевска

Изработил:
Зорица Николова
индекс: 5066/17

Скопје, 2020 година

# Содржина:

1. **Вовед**...3
1.1. Формулација на проблемот...5
1.2. Цели и задачи...7
1.3. Дефинирање на предметот на истражување...9
1.4. Основна хипотетичка рамка...12
2. **Транснационален организиран криминал**...14
3. **Трговијата со наркотици како глобален безбедносен проблем**...19
3.1. Фактори кои влијаат на развој на нарко-криминалот во Западен Балкан...26
3.2 Анализа на нарко-пазарот во Западен Балкан...36
3.3. Анализа на нарко-пазарот во Македонија...46
4. **Европол**...55
4.3. Надлежности и задачи на Европол...55
4.4. Операции на Европол во спречување на трговијата со наркотици во Западен Балкан...61
5. **Интерпол**...67
5.3. Надлежности и задачи на Интерпол...72
5.4. Улогата на Интерпол во борбата против недозволената трговија со дрога...73
5.5. Акции на Интерпол во Западен Балкан поврзани со трговијата со наркотици...76
**6. Модели на меѓународна полициска соработка во спречување на трговијата со наркотици**...80
6.1 Меѓународна полициска соработка...82
6.2 Улогата на полициските служби во откривањето на нарко-криминалитетот...83
6.3. Мултилатерален безбедносен капацитет за борба со транснационалниот организиран криминал...88
6.3.1. Потребни политички и институционални иновации...93
**7. Заклучок**...97
**Користена литература**...101

## 1. Вовед

Употребата и нелегалните активности поврзани со дрога е сериозна национална и меѓународна состојба која треба да се разгледува во глобален контекст. Дрогата не е едноставен проблем бидејќи е закана за безбедноста, здравјето и благосостојбата, просперитетот на популацијата, особено на младината. Опфаќа голем број на аспекти кои се испреплетуваат меѓусебно: здравствени, социјални, кривични, безбедносни, етички, кои сами по себе претставуват предизвик. Феноменот поврзан со дрога и мерките и активностите кои е потребно да се преземат се комплексни и во широк континуум кој опфаќа превенција, третман, намалување на штети, социјална реинтеграција, правна контрола, спроведување на законот, особено имајќи предвид дека употребата на дрогата, трендовите, како и нелегалното производство и трговија со дрога се многу динамични и постојано се менуваат.

Зависноста од droги во современи услови има достигнато толкави размери, што со право може да се прогласи за епидемија. Тоа јасно може да се види од нејзиното присуство во речиси сите региони и земји во светот, преку зголемениот обем на трговијата со дроги, влијанието што го има врз здравјето на поединци и нејзиното брзо ширење низ различните општествени слоеви. Ширењето на зависноста од дрога, несомнено имплицира и ширење на мноштво илегални дејствија поврзани со дрогите. Со други зборови, таа експанзија на дрогите овозможува да се конституира и посебен вид криминалитет познат како нарко-криминалитет, кој има свои лични обележја и карактеристики и кој рапидно се распространува низ целиот свет, поради можноста од остварување на високи профити. Откривањето на овој вид криминалитет, бара вклучување на голем број општествени субјекти. Притоа, најголема улогаат во откривањето на нарко-криминалитетот имаат полициските служби, чие ефикасно работење не само што ќе се овозможи навремено откривање и спречување на нарко-криминалитетот, туку и ќе создаде услови за превенирање на зависноста од дроги на долг рок.

Проблемот со трговијата со дрога уште од почетокот на шеесеттите години од минатиот век е во фокусот на перманентна меѓународна опсервација. Тоа е така бидејќи недозволената трговија со дрога е феномен кој во светски размери претставува сериозна закана за човештвото и за неговиот натамошен развиток.

Експанзијата на криминалот со droги на меѓународно ниво ја поттикнуваат повеќе фактори, и тоа: постојан тренд на развој на економски план на меѓународната заедница; зголемување на меѓународниот сообраќај на луѓе, стоки и информации; меѓународна трговија; распаѓање на социјалистичкиот блок и создавање т.н. „земји во транзиција" со изразено присуство на правен, политички и вредносен вакуум; постоење разлики во пристапот кон проблемот помеѓу националните законодавства и меѓународното право, што е резултат на различните правни системи, а кое оневозможува ефикасен настап на меѓународен план во сузбивањето на криминалот со дроги.[1]

Кон ова може да се додаде и проблемот со т.н. „земји од третиот свет" кои имаат други приоритети и помалку ресурси на располагање, па, според тоа, не се во состојба да ги апсорбираат и неутрализираат последиците од зголемената употреба и трговија со дроги. Ако трговијата со дроги се разгледува во поширока смисла, тогаш несомнено може да стане збор за постоење и континуирано развивање на посебен вид криминалитет познат како нарко-криминалитет, кој опфаќа широк спектар на илегални дејствија поврзани со производството, дистрибуцијата и прометот на дроги и психотропни супстанции и има свои посебни обележја и карактеристики. Денес, овој вид криминалитет нема географски, национални, расни, или други ограничувања и во сè поголем број земји создава економски, социјални, здравствени и политички проблеми.

Под поимот нарко-криминалитет се подразбира илегалното производство и промет со дроги, психотропни супстанции и прекурзори и со нив поврзаните илегални активности.[2] Криминалниот аспект на производството и прометот со наркотични дроги се однесува на злоупотребата, односно користењето различни психоактивни супстанции, надвор од нивната ограничена и дозволена употреба за научни и медицински цели, додека пак предмет на злоупотреба - производство, промет, дистрибуција и користење се различните дроги и психотропни супстанции.[3]

Она што постојано го стимулира овој криминалитет се несразмерно високите профити што се стекнуваат со производството и трговијата со дроги и со тоа се овозможува постојано унапредување на средствата и методите на

---

[1] Гогов, Б. Движење на криминалот со дрога во Република Македонија, *Безбедност,* бр. 3, Скопје, 1998, стр. 325

[2] Сулејманов, З., *Криминологија* (четврто издание), Графохартија, Скопје, 2009, стр.137

[3] Камбовски, В. *Организиран криминал*, 2 август С - Штип, Скопје, 2005, стр. 273

производството и на начините на нивно продавање и растурање, но и вложување големи средства во заштита од казнениот прогон, односно за намалување на ризикот да бидат откриени од страна на органите на прогонот. Големиот број фактори, како што се зголемената фреквенција и мобилност на луѓето, подобрите комуникациски врски и транспорт, повисокиот животен стандард и отворањето на границите, овозможуваат и продажбата на дрога да забележи пораст преку интернационализација на овој тип криминалитет. Всушност, според извештајот на Европол за европските пазари на дроги во 2013 година, глобализацијата е главниот двигател за развојот на производството, дистрибуцијата и за прометот на психоактивни супстанции во многу земји во Европа. Уште повеќе, Интернетот има огромно значење и како алатка за комуникација и како онлајн-пазар за трговијата со дроги, а згора на сè и како место на кое може да се најдат многу информации и едукација за најновите достигнувања на полето на одгледување на канабисот, за производството на синтетичките дроги и за начините за прикривање на кокаинот. Имено, трговијата со дроги преку мрежа позната како криптомаркет или „темна мрежа“ започна во 2009 година со неколку веб-страници кои функционираа тивко. Денес, трговијата со дрога преку интернет е значителна, а користењето на криптомаркетите подразбира и поделба на улогите и можност за различни начини на плаќање.[4] Во таа насока, една неодамнешна студија која ја истражува продажбата на 16 големи криптомаркети помеѓу 2011 и 2015 година, проценува дека на продажбата на дроги отпаѓаат повеќе од 90% од вкупните приходи од глобалните криптомаркети. Речиси половина (46%) од вкупната продажба на овие маркети, потекнува од продавачи со седиште во Европа, од кои како главни продавачи се јавуваат Германија, Холандија и Велика Британија.[5]

Овие податоци покажуваат дека начините за трговијата со дрога постојано се усовршуваат и софистицираат, па оттука и сè почесто се користат најновите технолошки достигувања, особено во поглед на начините за дистрибуција на дрогата. Токму како потврда, последните евиденции на запленета количина на дрога покажуваат дека дистрибутерите на дрога сè почесто ги користат

[4] Mounteney, J., Oteo, A., Griffiths, P., European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, The internet and drug markets, *EMCDDA Insight*s 21, Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2016, p.13.
[5] European Drug Report 2017*: Trends and Developments, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction Publications Office of the European Union*, Luxembourg, 2017, p.20.

модерните техничко-технолошки средства, па така најновиот тренд на пренос на дрога е преку дронови, кои во зависност од големината може да пренесат и до 15 килограми товар.

Сепак сѐ уште најактуелни и проверени остануваат класичните начини за транспорт и дистрибуција на дрогите низ светот, познати како рути или канали за транспорт, кои зависат првенствено од видот на дрогата што се дистрибуира, односно од нејзиното потекло. Генерално во практиката се познати неколку рути, односно канали низ светот кои се карактеристични за транспорт на поединечни видови droги. Така, на пример, за хероинот најпознати рути се: Златниот триаголник (Лаос, Бурма, Тајланд), Златната полумесечина (Авганистан, Иран, Пакистан) или Мексико; за кокаинот се: Боливија, Колумбија или Перу, иако постојат и други пазари и места на производство.[6] Нарко-криминалитетот е карактеристичен и за земјите од Балканот и има свои специфичности, имајќи ги предвид географската положба и политичко-економската состојба на овие земји. Нарко-криминалитетот е еден од главните типови на организиран криминал што опстојуваат на овие простори, бидејќи носи голем профит и речиси секогаш е придружен со недозволена трговија на оружје, рекет и корупција. Балканот најчесто се јавува како транзитно подрачје познато како „Балканска рута“, а многу поретко се јавува како производител, но се јавува и како крајна дестинација во која се продаваат хероин, кокаин, екстази, амфетамин и канабис ако се има предвид бројот на лицата што користат дроги во земјите од Западен Балкан.

### 1.1. Формулација на проблемот

Меѓународната полициска соработка зазема сѐ позначајна улога во сферата на меѓународната соработка за спречувањето на криминалот, и тоа како кон класичните, така и за современите облици на криминал. Имено, спречувањето на современите облици на транснационален организиран криминал е незамисливо без координирана акција на полициските служби на повеќе држави во откривањето на делата и извршителите во обезбедувањето докази итн. Во операционализирањето на својата детектирачка и превентивна

[6] Лајман, Д., М., Потер, Б., Г., *Организиран криминал,* Магор, Скопје, 2009, стр.232

функција полицијата може најбрзо и најефективно да реагира во случај на бегство во друга држава, а сè поголемата фреквенција на луѓе и стоки ја става во позиција на речиси незаменлив превентивен чинител, чијашто активност се изразува особено како спречување на влегување на територијата на државата на криминалци или внесување на предмети на казниво дело (оружје, дрога).

Заштитата на безбедноста на поединците и општеството, од производство, снабдување и неовластена активност со наркотици, криминално однесување, организирани форми на криминал во врска со производство и дистрибуција на дрога или перење на пари кои потекнуваат од трговија со дрога, особено на меѓународно ниво, се од особен интерес и за справувањето со овие состојби потребни се координирани и постојани напори со цел да се осигури безбедноста на поединците и општеството до максимален степен.

Покрај ефикасното откривање и спречување на казнивите дела и нивните извршители, интензивната меѓународна полициска соработка е неизбежна претпоставка за функционирањето и на другите облици на соработка.

Производителите и трговците со дрога се мошне значајни во сферата на организираниот криминал бидејќи во голема мера ја загрозуваат индивидуалната безбедност на поединците и продуцираат пошироки општествено негативни последици. Во одредени ситуации постои можност за инфилтрација на нивните структури во институциите на државата. Тогаш нивното елиминирање е мошне тешко и тие стануваат паралелна власт (држава во држава) со можност за реализирање на своите цели.[7]

Од безбедносна гледна точка на национално (државно), но и наднационално (регионално и глобално) ниво, можат да се идентификуваат нови појавни облици на организирани криминални групи кои досега не постоеја. Тоа се препишува на глобалните процеси на интернационализација и дезинтеграција.

Трговијата со наркотици е карактеристична и за земјите од Западен Балкан и има свои специфичности, имајќи ги предвид географската положба и политичко-економската состојба на овие земји. Нарко-криминалитетот е еден од главните типови на организиран криминал што опстојуваат на овие простори, бидејќи носи голем профит и речиси секогаш е придружен со недозволена

[7] Jamieson, A.,"Global Drug Trafficking", *Conflict Studies*, 1990, 234.

трговија на оружје, рекет и корупција. Балканот најчесто се јавува како транзитно подрачје познато како „Балканска рута“, а многу поретко се јавува како производител, но се јавува и како крајна дестинација во која се продаваат хероин, кокаин, екстази, амфетамин и канабис ако се има предвид бројот на лицата што користат дроги во земјите од Западен Балкан. Балканската рута според најновите извештаи останува најзначајна за трговијата со хероин до Европска Унија, иако има делумна смена во трговијата со хероин преку Кавкаската рута.[8] Организираните криминални групи од регионот на Западен Балкан станаа главни актери во поголеми операции за трговија со хероин од Јужна Америка до Европа, т.н, ќелија „Балкански Картел”.[9]

Познати се два основни принципи за воспоставување на интензивна полициска соработка. Прво, меѓународните полициски односи мора да се темелат на успешно воспоставени договори (меморандуми). Второ, целта на соработката е достигнување на одржливи, постојани, ефикасни, предвидливи и легитимни односи. Повеќе од можно е достигнувањето на овие цели да не е достижно, но сепак претставуваат добри водичи за идна полициска соработка.[10]

### 1.2. Цели и задачи

Општата цел на ова истражување е научна дескрипција, анализа и идентификација на улогата на меѓународните полициски организации во спречување на трговијата со наркотици во Западен Балкан.

- **Посебни цели:**

— Анализа на податоци за улогата на меѓународната полициска организација Интерпол во спречување на трговијата со наркотици.

— Анализа на податоци за улогата на европската полициска организација Европол во спречување на трговијата со наркотици.

[8] European Union Agency for Law Enforcement Cooperation (Europol), *Business Fundamentals, How Illegal Drugs sustain Organized Crime in the EU,* 2017.

[9] SELEC, Organized Crime Threat Assessment for Southeast Europe, Southeast European Law Enforement Center, Bucharest, Romania, 2018, достапно на: https://www.selec.org/wp-content/uploads/2019/02/OCTA-SEE.pdf

[10] Anthony J. Balzer. International Police Cooperation: Opportunities and Obstacles, Policing in Central and Eastern Europe, College of Police and Security Studies, Slovenia, 1996, достапно на: http//www.ncjrs.gov//policing/int63.htm

— Да се определат новите начини на пренесување на наркотици.
— Анализа на податоци за улогата на SECI центарот во спречување на трговијата со наркотици.
— Анализа на податоци за Албанија која и понатаму е земја на потекло (за канабис и неговите деривати) и транзитен пат (за наркотици како кокаин и хероин).
— Анализа на податоци за Босна и Херцеговина која е земја на транзит и крајна дестинација на дрога / наркотици во ЕУ и други делови од Западна Европа.
— Анализа на податоци за транзитот на хероинот низ Косово (Балканската рута) кој е намален во текот на последните години, особено во 2016 и 2017 година, поради причинита дека трговците со наркотици немаат голем интерес за трговија со хероин низ Косово, бидејќи приносите од шверцот со марихуана се поголеми, а пресудите многу пониски.
— Анализа на податоци за Црна Гора која е главно транзитна земја на дрога (производи од канабис) и само мал пазар за канабис, хероин и кокаин.
— Анализа на податоци за Србија каде организираната трговија со дрога и криумчарење сеуште е најраспространета форма на организиран криминал и таканаречената "Балканска рута" сé уште е најпопуларна и најчесто се користи за шверц на наркотици.
— Утврдување на безбедносните последици од трговијата со наркотици во Западен Балкан.
— Како може да се спречи трговијата со наркотици во земјите од Западен Балкан?

Со оглед на целите, основни **задачи** на истражувањето се следниве:

— Да се утврди дали е потребна поголема соработка помеѓу разузнавачките агенции и организации во делот на трговијата со наркотици.
— Да се одговори на дилемата кои се причините во споредба со истиот период од 2016/2017 заплените на марихуана, кокаин, синтетички таблети и стебла „канабис сатива" да се зголемат, додека оние на хероинот се намалиле.

— Да се воочи појавниот тренд во земјите на ЕУ, од неодамна и во Македонија, на нови психоактивни супстанции.
— Да се идентификува динамиката на нелегалните пазари со дрога, вклучително и промена на рутите за транспорт на дрога, прекуграничната трговија со дрога и употребата на нови комуникациски технологии.
— Да се утврди до кое ниво е соработката на Македонија со Европол, Интерпол и други институции кои се борат со овој безбедносен проблем.
— Да се одговори на дилемата која е причината и покрај развиените современи разузнавачки методи, да се случува трговија со наркотици во Западен Балкан.
— Да се воочи што е потребно да преземат овие меѓународни полициски организации во иднина во однос на оваа глобална закана?

### 1.3. Дефинирање на предметот на истражување

Согласно принципот на владеење на правото, полицијата е јавна институција што се воспоставува со закон, а полициските операции мора да се преземаат во согласност со националното право и со меѓународните стандарди прифатени во соодветната земја и законодавството кое се однесува на полицијата треба да биде достапно и разбирливо за поширока јавност и доволно јасно и прецизно.[11] Во таа смисла, основни задачи на полицијата во едно демократско општество согласно принципот на владеење на правото се: одржување на јавниот ред и мир и поредокот во општеството; гарантирање, обезбедување и почитување на основните човекови слободи и права, согласно Европската конвенција за човекови права; спречување и борба против криминалот; откривање на криминалот; и обезбедување помош и услужни функции на јавноста.[12]

[11] Арнаудовски, Љ, и др. *Полициско работење во мултиетничка средина*, Прирачник (второ дополнето издание), Здружение на граѓани Центар за отворена комуникација, Скопје, 2003, стр.58
[12] Чл. 1 од Европскиот кодекс за полициската етика, „Сл. весник на РМ“, бр. 72/07

Големиот број фактори, како што се зголемената фреквенција и мобилност на луѓето, подобрите комуникациски врски и транспорт, повисокиот животен стандард и отворањето на границите, овозможуваат и продажбата на дрога да забележи пораст преку интернационализација на овој тип криминалитет. Всушност, според извештајот на Европол за европските пазари на дроги во 2013 година[13], глобализацијата е главниот двигател за развојот на производството, дистрибуцијата и за прометот на психоактивни супстанции во многу земји во Европа. Уште повеќе, интернетот има огромно значење и како алатка за комуникација и како онлајн-пазар за трговијата со дроги[14], а згора на сѐ и како место на кое може да се најдат многу информации и едукација за најновите достигнувања на полето на одгледување на канабисот, за производството на синтетичките дроги и за начините за прикривање на кокаинот.[15]

Транснационалниот организиран криминал вклучува постоење на илегален пазар кој се дефинира како „место во рамки на кое се реализира размена на стоки и услуги, чие производство, продажба и потрошувачка е забранета и строго регулирана од страна на повеќе земји и/или во рамки на меѓународното право" (пр. дрога, оружје, луѓе).[16]

Според податоците од Европската полиција-ЕУРОПОЛ, Балканската рута е една од најважните и најдобро поставените рути за дрога во светот, но достапните информации не се ажурираат редовно и дека истите статистички податоци се користат во период од неколку години.[17] Сепак, достапните податоци покажуваат дека стапката на распространетост на опијати во Југоисточна Европа (Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Црна Гора, Романија, Србија, Република Македонија и Косово согласно Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1244) е пониска од глобалниот просек од 0, 4%.[18] Сепак, според извештајот, постојат два исклучоци:

---

[13] EUROPO. *Illicit Drugs: EU Report unveils new worrying trends in smuggling and consumption*, Brussels, Belgium, 2013.
[14] EUROPOl. International Drug Trafficking Network Disrupted, 2019 достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/international-drug-trafficking-network-disrupted.

[16] Тања Милошевска. *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*, Филозофски факултет, Скопје, 2016.
[17] SELEC. Report on Drug Seizures in South Eastern Europe, 2012.
[18] UNODC Report. "*The Illicit Drug Trade through South Easter Europe*". United Nations, 2014.

Македонија, која спаѓа во глобалниот просек и Албанија која има повисока стапка.

Поради сериозноста и обемот на криминалот со дрогата во светски рамки, националните полициски органи соработуваат меѓу себе преку размена на информации, заеднички акции, организирање семинари, обуки и конференции, а многу често овие служби се организираат во форма на сојузи заради поефикасно и целисходно вршење на своите задачи. Во меѓународни рамки, особено значење за размената на информации околу дрогата имаат Интерпол, Европол, Канцеларијата за дрога и криминал при Обединетите нации, Меѓународното биро за контрола на дрогите и други организации во кои земаат учество голем број држави, а од друга страна националните полициски служби соработуваат со други институции, како во рамките на своите држави така и со другите држави во светот вклучувајќи ги и погореспоменатите служби.

Елементите на структурата на полициската соработка кои што произлегуваат од меѓународните договори опфаќаат:

1. Одредби кои се однесуваат на заедничките интереси во развивање и унапредување на меѓусебните односи помеѓу државите во областа на безбедноста;

2. Одредби кои се однесуваат на карактерот и улогата на полициската соработка помеѓу државите во борбата против криминалитетот;

3. Одредби кои се однесуваат на конкретни активности поради кои се воспоставува соработката.

Во областа на недозволена трговија со дрога во координација со ДЕА и соработка со земјите од регионот и западноевропските земји сузбиени се две организирани криминални групи во 2018-2019 година: криминална група инволвирана во организирање на транспорт на хероин и марихуана од Турција преку Грција до Македонија и Албанија и криминална група инволвирана во организирање на транспорт на хероин од Турција, Албанија, Швајцарија до западно европските држави), додека на територија на Р. Македонија е откриена една лабораторија за производство на амфетамин, опрема за производство и поголема количина на синтетичка дрога.[19]

[19] Стратешки план 2018-2020, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Скопје, Македонија, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%A1%D0%9F-2018-2020-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%B0%D1%98%D1%82(1).pdf

Оттаму е неопходно Македонија да остане посветена на меѓународната соработка и активно споделување на достигнувањата на политиката за борба против дрога и зависности од дрога, особено во процесите на пристапот кон ЕУ.[20] Истовремено ќе се постигне и кохерентност помеѓу политиките и акциите, вклучувајќи и проценка на ризик од појава на нови психоактивни супстанции, намалување на штети, размена на информации и трансфер на знаење, а и со посебен акцент на надворешната билатерална и регионална соработка, како и соработка во поширока смисла со поголемиот број меѓународни институции, тела, платформи и други релевантни иницијативи на ЕУ и Обединетите Нации.

Посебно се истакнува потребата од фокус кон градење на капацитетите особено во намалување на понудата и побарувачката на дрога врз основа на докази, ефикасно и избалансирани стратешки активности за дрога, преку зајакната соработка, вклучително и споделување на ЕУ најдобрите практики и учество, каде што е соодветно, во агенциите на ЕУ, како што се ЕМЦДДА[21], Европол и Евроџаст[22] и др .

### 1.4. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за трговијата со наркотици и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување ќе ја поставам следнава општа хипотеза: Преку унапредување и зајакнување на меѓународната полициска соработка ќе се дејствува во насока на намалување на обемот на трговијата со наркотици во Западен Балкан.

---

[20] Татјана Петрушевска, *Национална стратегија за дрога на Република Македонија 2014-2020*, Република Македонија, достапно на: http://www.cph.mk/ftp/Strategii/Nacionalna%20strategija%20za%20droga%20%20mkd%20strategija%202014-2020.pdf

[21] European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, Европски центар за следење на droги и зависности од дрога.

[22] EUROJUST- The European Union's Judicial Cooperation Unit, Единица за судска соработка на Европската унија.

- **Посебни хипотези:**

— Начините за трговијата со наркотици постојано се усовршуваат и софистицираат, па оттука и сѐ почесто се користат најновите технолошки достигувања, особено во поглед на начините за дистрибуција на дрогата.

— Со натамошно унапредување и интензивирање на соработката на меѓународните полициски организации во меѓународни рамки како на билателарно така и на мултилатерално ниво ќе се идентификуваат сторителите и групите на трговија со наркотици.

— Поради политичката криза во Македонија, спроведувањето/ имплементацијата на Националната стратегија за дрога (2014-2020) беше забавена во сите пет сегменти: побарувачка, набавка, координација, истражување и анализа како и меѓународна соработка.

— Взаемната соработка и координација помеѓу меѓународните полициски организации е клучот за ефективно и успешно справување со трговијата со наркотици.

— Преку зајакнување на меѓународната соработка и преку подобрено спроведување и институционализација на регионалната борба против трговија со дрога, зајакнување на прекуграничната соработка и заеднички тимови за истражување ќе се намали обемот на трговијата со наркотици.

**Варијабли**

*Предикторска варијабла (независна варијабла)*

- Меѓународни полициски организации Интерпол, Европол.

*Критериумска варијабла (зависн варијабла)*

- Постигнати резултати во спречување на трговијата со наркотици.

## 2. Транснационален организиран криминал

Организираниот криминал, покрај другите суштински - клучни елементи, го карактеризира неговата транснационална природа, односно можноста неговите дејности да ги преминуваат државните граници. Транснационалниот организиран криминал се манифестира преку различни облици на криминално дејствување, непрекинато трагајќи по поволни услови за своето егзистирање, опстанок, експанзија и уште поголема присутност на глобално - планетарно ниво. Исто така, транснационалниот организиран криминал е во вечна потрага по соодветни форми неопходни за негова заштита, мултиплицирање на неговите привилегии и енормно зголемување на своите профити, кои се еквивалентни со заедничките профити на десетте најголеми мултинационални компании во светот, со тенденција на нивно понатамошно енормно зголемување.

Организираниот криминал сѐ повеќе се интернационализира и меѓусебно се поврзува, не бирајќи нација, држава, вера, раса, пол итн. Неговата основна цел е да оствари сѐ позначајно влијание во економскиот и политичкиот живот, користејќи ја првенствено својата финансиска моќ. Во „послабите држави" неговата интенција е да оствари доминантно влијание во сите сфери на општествениот живот, вклучувајќи се легално и илегално во стопанскиот и политичкиот живот и остварувајќи тотална криминализација на овие општества.

Според определбите на Конвенцијата на Организацијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал[23], казненото дело по својата природа е транснационално ако:

A) тоа е извршено во повеќе од една држава или
B) тоа е извршено во една држава, но главниот дел од неговата подготовка, планирање, насочување или контрола се случило во друга држава;
C) тоа е извршено во една држава, но вклучува организирана криминална група којашто врши криминални активности во повеќе од една држава;
D) тоа е извршено во една држава, но последиците се во друга држава.

[23] Конвенција на Организацијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (точка 3), усвоена на Генералното собрание (педесет и петто заседание), ноември 2000 год.

Заедничка карактеристика на кривичните дела што спаѓаат во транснационален организиран криминал е криминалната активност којашто преоѓа државна граница или граници.

Практичните имликации од употребата на терминот транснационален организиран криминал се повеќезначни. Имено, денес, во услови на глобализација и на сите можности што овој процес ги нуди на економско-финансиски, комуникациски, транспортен, социјален, правен и на политички план, се ограничува употребата на поимот организиран криминал (сконцентриран во национални рамки). Тоа е така од едноставни причини што е невозможно една организирана криминална група којашто врши, на пример, трговија со дрога, луѓе, оружје, финансиски криминал, корупција, еколошки криминал или нешто сл., да ги изврши сите тие криминални дејства на територијата на само една држава бидејќи најчесто стоките и услугите се наменети за илегалните пазари во други земји, транспортот се врши преку повеќе земји, најчесто прикривањето на големите криминални приноси се крие во „off shore“ земји итн.

Транснационалниот организиран криминал вклучува постоење на илегален пазар кој се дефинира како „место во рамки на кое се реализира размена на стоки и услуги, чие производство, продажба и потрошувачка е забранета и строго регулирана од страна на повеќе земји и/или во рамки на меѓународното право“ (пр. дрога, оружје, луѓе).[24]

Една од причините за непостоење единствена и општоприфатена дефиниција за транснационален организиран криминал е фактот дека тој феномен многу брзо се развива, приспособува, ги менува методите на дествување и формите на изразување. Транснационалниот организиран криминал не се пројавува во сите земји во иста форма и со ист интензитет, туку е приспособен на постојните општествени односи и поволни услови за развој на соодветни видови криминални активности.

[24] Pino Arlacchi, The Dynamics of Illegal Markets", in Phil Williams, Dimitri Vlassis. *Combating Transnational Crime: Concepts, Activities and Responses*, London and Portland: Frank Cass, 2001, 7

За трансформација и за прераснување на организираниот криминал во актуелен глобален феномен - транснационалниот организиран криминал, неопходно е да ги потенцираме поволните услови што имаат суштинско значење:

- глобализацијата како интегративен процес, посебно во сферата на финансиските и на економските текови на капиталот и технологиите на единствениот светски систем;
- појавата на „новиот“ глобален финансиски пазар;
- процесот на брза економска транзиција на определен број држави, како и влијанието на нивните новопројавени проблеми врз функционирањето на соседните држави;
- проблемот околу целосното и универзално (не)дефинирање на феноменот организиран криминал;
- големиот број активни големи вооружени конфликти во кризните региони во меѓународната заедница;
- спроведувањето определени санкции и економски и политички блокади од страна на ООН и на други држави кон определени соседни држави;
- социјалните, економските и политичките промени, превирањата и кризите во меѓународните односи, како и кризите на финансиски и на економски план на глобално и национално ниво;
- изразената ривалност на големите сили, но и на „големите“ регионални играчи на воен, геополитички, а сега и на економски план како фактори за иницирање на кризите и на кризните состојби и на поволен криминален амбиент во определени „слаби држави“;
- недоволната применливост и почитување на меѓународните конвенции и други акти донесени за попречување на транснационалниот организиран криминал, а во тој контекст и нивната недоволна и неадекватна имплементација во националните законодавства;
- недоволниот степен на соработка на надлежните државни органи на соработка на државите на меѓународен план во заедничката борба против транснационалниот организиран криминал.

Во современата ера на глобализацијата, карактеристиките на организираниот криминал се менуваат и поради фактот што неговите припадници ги следат новите текови во современите општества и во континуитет ги менуваат појавните облици и подрачјата на дејствување.

Нивната структура сè повеќе станува лабава - наместо цврсти организирани структури од традиционалниот хиерархиски тип, сè почесто е дејствувањето на „вмрежени структури", наместо имотна корист, сè поголем е интересот за влијание врз економијата, политиката, медиумите, јавната администрација, судството. Во деловниот/трансакциски организиран криминал, организираните криминални структури се организирани по пример на мултинационалните компании од приватниот сектор, имаат апликација на мрежната поврзаност, рамна хиерархија и организираност во мали работни групи (парови или поединци), со помош на кои се приспособуваат многу побрзо и многу поефикасно од структурите на моделот на националниот организиран криминал.

Сите овие карактеристики го разликуваат традиционалниот тип организиран криминал во однос на другите криминални организации, групи и мрежи, карактеристични за новиот милениум и особено за организираниот криминал од европски тип, за кои не е карактеристична хиерархиската структура, што значи постои тенденција кон хоризонтална организациска структура, што имплицира лабав стил на раководење со многу послаба дисциплина меѓу припадниците на помалите и пофлексибилни криминални групи.[25]

Со своите широко распространети моќни структури, посебно во „слабите држави", транснационалниот организиран криминал, во голема мера, ги загрозува економските, политичките, правните, социјалните, културните, моралните и другите значајни витални општествени вредности. Но опасноста е уште поголема во сферата на националната, регионалната и на глобалната безбедност бидејќи транснационалниот организиран криминал денес станува сè

[25] Тања Милошевска, *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*, Филозофски факултет, Скопје, Мар Саж, 2016.

позначен фактор и сериозна закана за безбедноста на сите нивоа (во национални, регионални и во глобални рамки).

Во овој контекст е неизбежна и констатацијата дека транснационалниот организиран криминал претставува закана за демократските вредности на општествените институции. За таа цел, нејзината стратегија е приспособена врз основа на специфичниот амбиент карактеристичен за состојбите во определени држави и региони. Во нивните стратегии има разработено различни варијанти на приоди неопходни за поткопување на фундаментите на определени витални институции и за нивно постепено / „чекор по чекор"/ неутрализирање, односно парализирање. Во овие „подготвителни фази" на сцена настапуваат формите на нивниот познат арсенал - корумпирање, заплашување, изнудување и физичко ликвидирање на највисоки државни раководители и функционери, дури и инфилтрација и мешање во државното и во политичкото уредување со крајна цел - неутрализирање и парализирање на функциите на власта /властите/.

Со тоа се потврди и констатацијата дека транснационалниот организиран криминал претставува сериозна закана, посебно во општествата што се покажаа слаби во борбата со ова современо зло. Овие процеси, во голема мера, ја еродираа економската и политичката стабилност на овие држави со мали шанси за нивно брзо економско и политичко консолидирање.

## 3. Трговијата со наркотици како глобален безбедносен проблем

Трговијата со дрога (наркотрговија) претставува глобален црн пазар кој опфаќа одгледување, производство, дистрибуција и продажба на супстанци кои се забранети со закон. Повеќето земји ја забрануваат трговијата на многу видови дроги освен доколку за тоа не се поседува лиценца. Според извештај на ОН, во 2003 година, глобалната трговија со дрога остварила 321, 6 милијарди американски долари. Истата година, со БДП од 36 милијарди американски долари, трговија со дрога може да се процени на нешто помалку од 1 процент од вкупната светска трговија. Користењето на дрога е распространето низ целиот свет.

Недозволената трговија со дрога, наркобизнис или пак наркотрговијата, претставува еден вид на „црн пазар" на кој што се одвива купопродажбата на истоимената и врз основа на истата се остварува и голем профит. Секако дека овој црн пазар го опфаќа одгледувањето на психотропните супстанци (дроги), нивното производство, прекуграничното дистрибуирање и на крајот продажбата на определени супстанци (дроги) кои што се забранети со закон. Во многу земји ширум светот, трговијата со дрога е забранета и е инкриминирана во Кривичните законици како кривично дело кое е казниво. Во Република Македонија овој тип на кривични дела поврзани со дрога се инкриминирани во 21 глава од Кривичниот Законик каде неовластеното производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (член 215 од КЗ) и Овозможување на употреба наркотични дроги (Член 216 од КЗ) претставуваат кривични дела за кои се предвидени затворски казни за сторителите. Во определени земји пак како што се Кина, Иран или Сингапур нелегалната трговија со дрога се казнува дури и со смртна казна.

Недозволената трговија со дрога претставува сериозна национална (домашна) и меѓународна или интернационална состојба кон која треба да се пристапи глобално. Дрогата воопшто не е едноставен проблем и претставува голема закана за здравјето, безбедноста, просперитетот на популацијата а поготово младината. Тука мора да се спомене и наркоманијата како социјално девијантна или социо/патолошка негативна појава која е мошне акутна во светот. И покрај темелните проучувања на оваа појава, тешко е да се согледа до крај нејзината етиологија и нејзините негативни консеквенции, односно

последици, и да се разработат ефикасни инструменти средства за нејзино спречување и сузбивање. Кај недозволената трговија со дрога се испреплетуваат многу аспекти како што се здравствените, социјални, кривични, етички и слично. Уживањето на опојни дроги спаѓа во групата на социопатолошките појави. Сите статистички податоци покажуваат дека последните две до три децении постојано бележи пораст во целиот свет. Феноменот поврзан со дрога и мерките и активностите кои треба да се превземат се комплексни и во широк континуум кој опфаќа превенција, третман, намалување на штети, социјална реинтеграција, правна контрола, спроведување на законот, особено имајќи во предвид дека упоребата на дрогата, трендовите, како и нелегалното производство и трогвија со дрога се многу динамични и постојано се менуваат. Секоја држава има своја карактеристика во која се инволвирани и организирани криминални групи, каде што ги остваруваат своите огромни профити, но неспорно е дека нелегалната трговија со дрога, е на првото место во светот каде што се остваруваат нелегалните профити. Најпрофитабилна активност на организираниот криминал е трговијата со дрога на која граѓаните на Европската Унија трошат најмалку 24 милијарди евра годишно.[26] Злоупотребата на дрогата и болестите на зависност од дрогата се поврзани со глобалните општествени проблеми како што се сиромаштијата, невработеноста, деликвенцијата, криминалот, бездомништвото, додека овртот на пари од нарко криминалот може да има значајно влијание во општествената стабилност, развојот на општеството, демократските процеси и условува страдање и на индивидуата и на семејството, а води и до губење на човековиот живот.

Трговијата со дрога е широко прифатена како најсериозен прекршок за разлика од останатите прекршоци поврзани со дрогата. Меѓутоа, казните често зависат од типот на дрога (и нејзината класификација во земјата во која се шверцува) и од тоа каде дрогата се продава и како се дистрибуира; на пример ако дрогата се продава или дистрибуира на малолетни лица, тогаш казните ке бидат поостри отколку да би станувала збор за други околности.

---

26 European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, *Estimating the size of the main illicit retail drug markets in Europe: an update*, EMCDDA, Lisbon, December 2019.

Фактот дека динамиката и структурата на пазарот на наркотици постојано се менува и дека покрај тоа што областа што е поврзана со недозволена трговија со дрога е комплексна, постои постојана потреба да се следи и проучува оваа тема. Иако денес не постојат локации во светот каде дрогата не е присутна и имајќи го предвид големиот обем на недозволен проток на наркотици, малку е познато за динамиката на овие пазари. Во многу земји, проблемот со злоупотреба на дрога е многу голем во однос на националните безбедносни и здравствени приоритети на самата нација.

`Глобалниот црн пазар првенствено се заснова на одгледување, производство, дистрибуција и продажба на недозволена дрога и има длабоки историски корени во Европа. Поради овој факт, нелегалната индустрија најде економски потенцијал на европско тло, што стана важна дестинација за меѓународните шверцери на дрога. Нелегалната трговија со дрога стана најсигурен извор на приход во светот и од ден на ден расте и ја проширува својата област на интерес, негативно влијае на стабилноста на многу земји.

На прашањето што многу истражувачи од оваа област се обидуваат да го одговорат е дали лицата вклучени во криминал поврзани со дрога биле вклучени во злосторничко однесување пред злоупотребата на дрогата, или дали злоупотребата на дрога ги наведува да извршат кривични дела. Врската помеѓу дрогата и криминалитетот може да се сведе на три хипотези:

- ✓ употребата на дрога предизвикува криминалност,
- ✓ криминалитетот предизвикува употреба на droги, а
- ✓ криминализацијата на дрогата предизвикува криминалност.

Најдостапниот и лесен извор на пари за зависниците е да се продаваат droги на други зависници; околу 45% од кривичните дела што ги извршиле зависниците биле поврзани со недозволено изработување и тргување со наркотични droги и овозможување на употреба на наркотични лекови според истражувањето спроведено од Буторац и Тодоровиќ.[27]

Секое прекршување на законот се смета за примарно кривично дело, иако шверцот и трговијата со дрога се исто така форма на секундарно дело како форма на злоупотреба. Шверцот како термин вклучува нелегално пренесување и

[27] K Butorac, LM Todorovic, Razlike medu ovisnicima delinkventima s obzirom na direktnu i indirektnu involviranost u kriminalitet vezan uz drogu, *Kriminologija & socijalna integracija* 10 (1), 2002.

влегување во царинската територија на една земја преку државната граница, но во поширока смисла, шверцот може да се случи на територијата на земјата и како таков може да биде дел од секундарно кривично дело поврзано со злоупотреба на дрога.

Процесот на глобализација го претвори светот во едно големо „глобално село“ во кое ширењето на идеи, технологии, стоки и услуги преку границите стана брзо и лесно. Токму овој факт влијае на современиот нелегален пазар на лекови, кој се менува заради влијанието на глобализацијата и развојот на нови технологии кои доведоа до иновативни начини на производство и шверц на дрога и воспоставување нови правци и нови форми на пазарот како што е Интернет. Потенцијалот за брза експанзија низ целиот свет го доведе нелегалниот пазар на лекови кон една од најголемите и најпрофитабилните „индустрии“.Современите трговци користат нови, флексибилни логистички методи и системи за шверц преку националните граници за да избегнат ризик да бидат откриени и уапсени. Транснационалните групи на организиран криминал ширум светот, исто така, придонесуваат за успехот.

Поради постојаните промени во динамиката и структурата на пазарот на наркотици, тешко е да се дефинира; денес стана комплексен систем со различни модалитети, а заради неговата природа, тешко е да се дојде до единствена дефиниција. Во последниве години, опсегот на супстанции достапни на пазарот на лекови значително се прошири а бројот на нови психоактивни супстанции се зголемува секоја година.

Дегенхард посочува дека при дефинирање на пазарот на наркотици, главниот проблем е фактот што не постојат глобално договорени дефиниции за различни нивоа на пазарот на лекови и нивни нивоа. Друг значаен проблем е недостигот на информации за структурата на дистрибутивниот процес во различни земји, начинот на кој одреден пазар реагира на промените во понудата и побарувачката, како и конкретниот ефект на мерките за намалување на понудата и побарувачката на наркотици.[28]

Со оглед на доказите дека поединците влегле на пазарот пред се преку постојните контакти, се чини разумно да се заклучи дека без овие контакти, тие

---

[28] Degenhard Marx, Gerallt Williams and Matthias Birkhoff, *Intranasal Drug Administration — An Attractive Delivery Route for Some Drugs, Drug Discovery and Development - From Molecules to Medicine*, Omboon Vallisuta and Suleiman Olimat, IntechOpen, 2015.

Состојбата во пристаништето Бар, што се наоѓа малку надолу по црногорското крајбрежје, се чини помалку насилна – иако во последните три години имало пет убиства во мафијашки стил. Ова е можеби затоа што картелот од Бар се смета за ефикасен, дисциплиниран и добро поврзан. Се чини дека шверцот со дрога преку Бар ги ползува контактите меѓу српските и црногорските криминалци на Карибите и Латинска Америка, со мал број на посредници.




Слика 1. Анализа на жаришта на организиран криминал

При анализата на жариштата, се појавија одредени карактеристики, од кои **прва** и најочигледна е местоположбата (види Слика 1).

Бидејќи Балканот е транзитен регион за нелегални активности, повеќето од жариштата на организиран криминал се места каде што, едноставно, може да се влезе или излезе – со други зборови, пристаништа, аеродроми, гранични премини или пошироки погранични региони. Понатаму, постојат жаришта вдолж главните автопати кои се транзитни патишта (север-југ и исток-запад),

како и на местата каде што се пресекуваат главните патишта. Во некои случаи, жариштата се наоѓаат во оддалечени области: долж слабо набљудуваните граници, или – во случај на некои лаборатории за дрога – во изолирани рурални подрачја. Некои локации, исто така, биле погодени од неодамнешна историја на конфликт.

**Вториот фактор** е економската ранливост. Многу од жариштата се наоѓаат во области кои веќе биле економски угнетувани во времето на комунизмот или кај кои следната генерација била погодена. Овој вид на ранливост се манифестира во социјалните прашања како што се високата невработеност (особено долгорочната и невработеноста кај младите), високата стапка на младо население, емиграцијата, проблемите со менталното здравје (вклучувајќи високи стапки на депресија и самоубиство), како и намалувањето на населението.

**Третиот фактор**, кој е поврзан со првите два, е лошото владеење. Некои од локациите профилирани во овој извештај се предели под контрола на локални политичари со тесни врски со владејачката партија и/или криминални групи. Други се наоѓаат во области на оспорена јурисдикција, со што се ограничува контролата на централната власт. Оние во релативно оддалечените области често се недоволно развиени, запоставени од централната власт и се потпираат на неформалните економии за опстанок.
Местата каде овие три фактори се преклопуваат имаат поголема веројатност да станат жаришта за организираниот криминал.[54]

[54] Global Initiative Against Transnational Organized Crime, *Hotspots in Organized Crime in the Western Balkans, Local vulnerabilities in a regional contex*t, Geneva, Switzerland, 2019.

## 3.3 **Анализа на нарко-пазарот во Македонија**

Сведоци сме на изразената интернационализација на криминалитетот и на неговата сложена феноменологија. Виктимолошкиот аспект само ја надополнува перцепцијата за глобалната опасност од современите облици на криминално однесување. Во националните одбранбени и безбедносни документи се вбројува во каталогот на акутелни безбедносни ризици и закани. Нашата држава не е имуна од штетните последици на криминалитетот како општествено - негативна појава, но и како индивидуална појава односно појава поврзана со животот на поединецот. Затоа, надлежните органи секојдневно се вклучени во активности кои се однесуваат на давање адекватен одговор на опасните последици од дејствувањето криминалните групи. Една од тие активности е остварување на ефикасна полициска соработка во превентивно-репресивното дејствување против криминалитетот. Како резултат на таа соработка во изминатите години се реализираа бројни акции со меѓународен предзнак како противдејствие на меѓународните криминални мрежи. Македонската полиција преку оваа полициска соработка со државите во регионот оствари значаен чекор во унапредување на инструментите во борбата со транснационалниот криминал со дрога. Потврда за ова се успешните акции на Министерството за внатрешни работи што резултираа со 61 прекинат меѓународен канал и со заплена на над три тони наркотични дроги. Само во периодот 2010/2011 година беа прекинати 33 криумчарски канали што е над 50% од вкупниот број на откриени и пресечени канали. Откриени беа 26 криминални групи (од нив девет се меѓународни), во кои делувале 153 нивни членови од кои 140 македонски државјани и 13 странци (пет државјани на Албанија, по тројца државјани на Бугарија и Турција и по еден државјанин на Косово и Грција). ”[55]

Доколку се погледне претходно наведеното и доколку се има во предвид, можеме да кажеме дека граѓаните и институциите во Р. Македонија се свесни за овие проблеми и опасности, и активно дава подршка и на својата територија и во рамките на меѓународната соработка со земјите од регионот и светот, со една транспарентна и конзистентна политика за борба против дрогата, се со цел да

---

[55] Тодоровски Љ., *Наркокриминал и наркомафија*, Скопје, 2014 година, стр. 159.

обезбеди здрав живот, достоинство и безбедност на индивидуата – човекот и целокупното општество во целина.

Низата на голем број на меѓународни обврски кои произлегуваат од конвенцииите (Конвенција за психотропните супстанци од 1971, Конвенција за транснационалниот организиран криминал од 2000 год. и слични), како и распространетоста на оваа појава доведоа до инкриминирање на истата, односно за казнено правна заштита на истата. Во овие конвенции се содржани, така и во нашето казнено право, релевантните поими на droги – даден е попис на супстанциите што се сметаат за опојни дроги (морфиум, опиум, хероин, кокаин итн) како и на други психотропни супстанци (аналгетици, седативи, транквилизери, психостимуланси и сл., што влегуваат во поимот на таблетоманија.

Сериозниот и организиран криминал во Република Македонија се манифестира преку делување на организираните криминални групи (ОКГ) на национално и меѓународно ниво во една или повеќе криминални области заради остварување финансиска и материјална корист. Во сериозниот и организиран криминал, ОКГ ги користат сите финансиски ресурси кои им се на располагање, применуваат експертиза за прикривање на криминалните активности и во одредени ситуации ги користат легалните бизниси за остварување на криминалните цели и остварување профит. Сериозниот и организиран криминал се прилагодува на окружувањето во кое делува, инволвираните применуваат противмерки за заштита и иновативност во нивните методи и умерено влијание во јавниот сектор преку коруптивни активности. Главните криминални области во кои делуваат криминалните актери се нелегалната трговија со дрога, криумчарењето мигранти, компјутерскиот криминал, имотниот криминал, криумчарењето на стоки и даночното затајување.

Организираните криминални групи во Македонија делуваат на национално и меѓународно ниво, главно во нелегалната трговија со дрога, криумчарењето мигранти, насилниот и сериозен криминал. Истите се разликуваат по нивната бројност, потекло на членовите и не се карактеризираат со изразена хиерархија. Покрај групите кои делуваат повремено, одредени ОКГ се карактеризираат со континуитет во делувањето што се заснова на фамилијарни поврзувања или криминални интереси. Една третина од организираните криминални групи се поликриминални, односно делуваат во

повеќе криминални области. Најголем дел од ОКГ не располагаат со голема финансиска моќ, а во своето криминално делување корумпираат службеници од институциите кои се на пониско ниво, при што обезбедуваат заштита на криминалните активности. За заштита употребуваат едноставни и традиционални контра мерки, ги користат легалните бизниси во криминалното делување, а насилството е појава кај изолирани случаи во рамките на групата и надвор од неа. Контролата врз криминалните области е забележителна само кај одредени ОКГ, а криминалните активности се толерираат само кај некои етнички заедници во средината каде живеат членовите, манифестирана со игнорирање на криминалните активности. Недозволената трговија со дрога е еден од најпрофитабилните криминални активности во кои се вклучени најголем број од организираните криминални групи.

Македонија претставува транзитно подрачје низ кое поминуваат дел од меѓународните рути за транспорт на дрога, земја - крајна дестинација и земја каде се произведуваат одредени видови на дрога. Во нелегалната трговија со хероин се вклучени ОКГ кои организираат меѓународни транспорти наменети за западноевропските држави, од кои мали количини завршуваат на домашниот нарко-пазар. Потеклото на хероинот е од Турција, кој во Македонија влегува преку Грција и Бугарија, делумно се складира за понатамошен транспорт или транзитира кон Косово и Србија до крајната дестинација. Кокаинот е застапен во мали количини на нарко-пазарот во Македонија, поради високата цена и малата побарувачка на овој вид дрога. Во Македонија, кокаинот доаѓа од пристаништата во регионот, коишто се транзитните точки на веќе воспоставените транспортни рути на кокаин. Нелегалната трговија со кокаин, вообичаено е споредна криминална активност на ОКГ коишто ги користат истите модуси, рути и ресурси кои се веќе воспоставени за другите видови droги. Во изминатиот период, нелегалната трговија со марихуана бележи експанзија, се до намалувањето на производството во Република Албанија, како главен снабдувач на пазарот. По намалувањето на производството на марихуана во Албанија се намалува понудата, што резултираше со зголемена цена на пазарот. Најголемите количини на марихуана кои се внесуваат од Албанија се наменети за транспорт до државите на Европската унија, а одреден дел завршуваат на домашниот пазар. Со намалената понуда на марихуана произведена во Албанија, се интензивира производството на марихуана во Македонија. Синтетичките дроги

на локалниот пазар првенствено доаѓаат од соседните држави во регионот и се внесуваат во помали количини. Постои нагорен тренд на популарноста на синтетичките droги на нарко-пазарот, особено на екстазите, поради ниската цена споредено со цените на другите видови дроги кои се во пораст. Нелегалната трговија со синтетички дроги е споредна криминална активност на ОКГ кои имаат веќе воспоставени методи на трговија со дрога. Покрај екстазите како најзастапени, на нарко-пазарот се јавуваат и нови видови синтетички дроги, а има и обиди за домашно производство. Илегалната миграција го достигнува највисокото ниво во Македонија со зголемениот број мигранти од државите на Северна Африка и Блискиот Исток, кои до крајната дестинација - државите на Европската унија, ја користат "Западно – балканската" рута, како дел од секундарното движење. Илегалното преминување на државната граница на влез од Грција и на излез кон Србија го олеснуваат локалните криминални групи кои ги наплаќаат своите услуги на прифаќање, обезбедување привремен престој и транспорт низ територијата на државата и преку илегалните премини. Окружувањето во кое делува криминалната област, во смисла на политичките одлуки кон потенцијалните бегалци или мигранти, има влијание на обемот на криминалната област. Високите цени за услугите при криумчарење мигранти низ државата и големата побарувачка ја прават оваа криминална област високо профитабилна во криминалните кругови, ги зајакнуваат ОКГ и ја зголемуваат потребата од формирање на криминални врски со криминални групи надвор од Македонија.

Нарко-криминалитетот во Македонија не се јавува ниту како главен производител ниту како главна транзит-точка за недозволени дроги, иако се простира на т.н. „Балканска рута" која често се користи за пренесување хероин, марихуана и хашиш. Сепак, податоците покажуваат дека транспортот на дрога повеќе се одвива преку северниот дел од „Балканската рута", каде што Република Македонија е изоставена.

Имено, во 2004 година во Македонија не се евидентирани случаи на домашно производство на хероин или на синтетички дроги. Одгледувањето на афион постои, но е строго контролирано, додека пак дивиот афион континуирано се уништува. Откриено е одгледување на мали количини марихуана за лична употреба во југоисточниот дел на земјата. Мала количина кокаин е внесена во Македонија од Бугарија и од Грција во пакети од 1 до 6

килограми, доставена преку авионски пратки или преку курири. Количината на синтетичките дроги што се продаваат во Македонија е лимитирана, иако полицијата известува за значителен пораст, а како причина за тоа се наведува ниската цена. Најголемиот дел од синтетичките дроги што доаѓаат во земјата се со потекло од Србија или од Бугарија и се доставуваат преку патнички моторни возила. Во 2005 година, според евиденциите, трговијата со дрога во Македонија е во пораст, но количината на запленета дрога во просек е намалена за некои видови дроги (хероин и марихуана), а за некои е зголемена (кокаин и психотропните супстанции). Трговијата со дрога во Македонија во 2006 година е во пораст, но расте и домашната употреба на дрогите. Количината на запленета дрога е во пораст за некои видови дроги, како хероин, опиум и марихуана, додека количината на заплената на кокаинот и психотропните супстанции е намалена.

Во 2007 година количината на запленетата дрога во Македонија значително е зголемена во споредба со изминатите години. Меѓутоа, и домашното користење на недозволените дроги е во пораст. Според Извештајот на Европскиот центар за следење на дроги и зависности од дроги за Македонија во 2009 година[56], во периодот помеѓу 2000 година и 2005 година заплената на дрогата се зголемува. Постои значително зголемување на трговијата со синтетички дроги, а најмногу со екстази. Количината на запленета дрога по видови варира од година на година. Во периодот од 2006 до 2008 заплената на дрога се намалува. Во наведениот период нема заплена на прекурзори, ниту пак се откриени илегални лаборатории за производство на наркотични дроги. Во овој период значителни за одбележување се два случаи на заплената дрога. Првиот случај се однесува на заплена на висококвалитетна дрога кокаин во количина од приближно 500 кг со потекло од Венецуела, наменета за пазарот во Европа, скриена во пластични канти. Вториот случај се однесува на заплена на морфиум во приближна количина од 12 кг, скриен во резервоарот за гориво на патничко моторно возило, наменет за пазарот во Швајцарија.[57]

Во периодот од 2009 до 2012 година се забележува генерално намалување на запленатa на хероин во нашата држава. Исто така, намалувањето на запленитe придонесе и за намалување на понудата, што пак од друга страна ги

[56] European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA), *The State of the Drugs Problem in Europe,* Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2009.
[57]European Monitoring Center for Drugs and Drug Addiction, *Macedonia: Country Overview*, Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2009, p.14

охрабри корисниците хероинот да го заменат со други супстанции, како метадон, бензодијазепини и трамадол. За разлика од хероинот, беше запленета голема количина на марихуана позната под улично име „Албанка“ со потекло од Албанија. Запленените по различни видови droги варираат низ годините, со исклучок на дрогите за кои нема достапни информации, а за нотирање е податокот дека во 2012 година околу 600 мл и 1.270 таблети нелегален метадон се запленети во Македонија.

Криминалните групи што оперираат во Македонија се мултинационални, составени од државјани на РМ, Косово и на Албанија. Тие се особено силни и функционираат одлично на полето на градење криминални мрежи во регионот и во Европа. Криминалните групи од Македонија, во многу случаи, посредуваат при купопродажба на дроги и организираат улична препродажба на дроги во некои европски држави. За да се поврзат со криминални организации од други држави, поради водење заеднички бизнис, еден или неколку члена од групата (во зависност од големината на групата) имаат стратешко значење за криминалната организација. Карактеристично за македонските криминални организации составени претежно од Македонци е тоа што главниот дел на групата го претставуваат неколку лица поврзани по роднинска, другарска или пријателска линија, а останатите се ангажираат по потреба и за вршење одредена задача.[58]

Евиденциите покажуваат константна вклученост на македонски државјани во криминалните активности поврзани со трговијата со дрога во регионот и креирањето мрежи за дистрибуција на хероинот во западноевропските држави. Недозволените прекугранични активности вклучуваат континуирано пренесување на дрога, особено во западниот дел од државата, односно на границата со Косово. Зголемувањето на трговијата исто така ја зголемува и достапноста на дрогите во државата, секако по пониски цени. Домашниот пазар, иако е релативно помал од западноевропските, сè уште останува атрактивен, ако се земе предвид константниот и стабилен тренд на

---

[58] Тодоровски, Љ., Развивање на стратегии за следење на развојот на понови форми на нарко-криминал во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем за контрола на дрога, Докторска дисертација, Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, 2012, стр.96-97

зголемување. Во однос на трговијата со канабис приматот го имаат албанските организирани криминални групи.[59]

**Хероин**

Македонија е транзитна точка низ која минува западната гранка од Балканската рута за недозволена трговија со хероин. Во Македонија не е откриено производство на опиум, а афионот за медицински цели се одгледува во источниот и централниот дел на земјата[60] Најголем дел од хероинот што влегува во државата е само транзитен, а одредени помали количини се складираат на одредени локации каде се врши препакување и менување на квалитетот за понатамошен транспорт до крајните дестинации и дел за домашниот пазар. Домашните заплени на хероин во периодот 2013 и 2014 година бележат намалување, а од вкупно запленетиот хероин (41,41 кг.), 91% биле наменети за меѓународен транспорт. Карактеристично е што сè повеќе македонски државјани се инволвирани во нелегалната трговија со хероин во Западна Европа, пред сè во Австрија и Германија. Пазарот за недозволена трговија со хероин во Македонија е стабилен. Цената на хероинот како втора најзастапена дрога во државата подолг временски период беше стабилна. Во 2015 година е забележано зголемување на неговата цена, како резултат на зголемувањето на цената на хероинот во Турција.

Транспортот на хероин се реализира со патнички и товарни возила организирани од страна на криминалните групи и редовни автобуски линии од јавниот превоз. При транспортот се применуваат различни модуси на прикривање на хероинот, прикриен во внатрешноста на возилото, скриен помеѓу разновидна легална трговска стока и залепен околу телото на лица транспортери. Криминалните групи се професионални при транспортот на хероинот и за таа намена изработуваат специјални празнини (бункери) во возилата наменети за транспорт. За вршењето на транспорт се регрутираат македонски државјани кои поседуваат патни исправи од земјичленки на Европската унија. За прикривање на криминалните активности често се

[59] Drug Situation Analysis Report South Eastern Europe, Paris Pact Initiative, A partnership to counter the trafficking and consumption of opiates originating in Afghanistan, UNODC Programme for South Eastern Europe, 2011, p.21

[60] European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA), *Drugs Policy and the City in Europe,* Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2015.

злоупотребуваат и легалните бизнис-активности на меѓународни правни субјекти, со или без знаење на сопственичката структура.

**Кокаин**

Трговијата со кокаин во Македонија не претставува сериозна закана поради малата побарувачка на овој вид дрога, како резултат на високата цена на кокаинот на домашниот наркопазар. Македонија се користи како транзитна територија за криумчарење кокаин, преку користење на воспоставените канали за транспорт на други видови дроги, а притоа мали количини се наменети за корисници на домашниот нарко-пазар. Домашниот нарко-пазар со кокаин во Македонија е релативно стабилен веќе подолго време. Запленетиот кокаин наменет за локалниот наркопазар во 2013 и 2014 бележи намалување поради неговата мала застапеност, како резултат на малата побарувачка. Цената на кокаинот на локалниот пазар во поголеми количини е стабилна, додека цената на мало го следи трендот на зголемување кој исто така е карактеристичен за целиот регион.

**Канабис**

Недозволена трговија со канабис во Македонија е застапена на највисоко ниво на нарко-пазарот во однос на другите видови дроги. Македонија е земја во која се произведува овој вид дрога, територија преку која се криумчари марихуана произведена во соседните држави наменета за западноевропскиот пазар и држава во која се складираат одредени количини дрога наменети за потребите на „домашниот нарко-пазар“. Во периодот 2013/2014 година запленети се 1.920 килограми марихуана, од кои 90% била наменета за меѓународен транспорт.

Дел од внесената дрога во Македонија се складира и е наменета за снабдување на локалните криминални групи на домашниот наркопазар. Криминалните групи регрутираат лица за транспорт на дрогата во и од Македонија и имаат лесно достапни ресурси за транспорт на истата. Криминалните групи го менуваат својот состав и сè повеќе стануваат хетерогени по етничка основа.

**Синтетички дроги**

Синтетичките дроги коишто се застапени на локалниот нарко-пазар во Република Македонија се внесуваат од надвор, првенствено од соседните држави од регионот. Во земјата се внесуваат помали количини синтетички дроги и истите се генерално наменети за локалниот нарко-пазар, без регистрирани појави на транзитирање на овој вид дрога кон друга дестинација, како што е случај со другите видови дроги. Популарноста на синтетичките дроги на домашниот пазар е во нагорен тренд, како резултат на ниската цена на дрогата, споредено со цените на другите видови на дроги кои се во пораст. Ниската цена на синтетичките дроги е фактор за промовирање на наркопазарот од страна на криминалните групи. Во 2012 година, во Македонија е откриена првата импровизирана лабораторија за производство на метамфетамин со рецептура и потребни супстанци набавени од Бугарија. Запленените на синтетички таблети во Македонија се во тренд на намалување. На нелегалниот нарко-пазар доминираат екстазите кои се јавуваат со карактеристични имиња, различни форми и бои („луј витон"; „чупа чупс"). Како резултат на понудата на дрогата и застапеноста на пазарот, цената на синтетичките дроги е стабилна и ниска во споредба со другите видови дроги.

Рутите на криумчарење синтетички дроги кои се карактеристични за криумчарење на синтетички дроги во Македонија се од Бугарија во Македонија, од Холандија во Македонија и од Србија во Македонија. Недозволена трговија со нови психоактивни супстанци – Македонија ја зајакнува законската рамка за справување со новите трендови поврзани со новите психоактивни супстанци. Во Македонија во 2014 година се откриени две нови психоактивни супстанци „MDPV methylendioxypirovaleron "и „25 C-NBOMe". Новооткриената психоактивна супстанца, „MDPV methylendioxypirovaleron" претставува синтетички катинон, кој на европскиот нарко-пазар е присутен од 2008 година и се продава како легална или синтетичка верзија на кокаинот. Откриената синтетичка дрога „25 C-NBOMe" која на европскиот пазар легално се продава како алтернатива на ЛСД, може да претставува тренд на појава на пазарот на контролирани дроги или како алтернатива за веќе контролираните дроги.[61]

[61] Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, *Проценка на закани од сериозен и организиран криминал*, 2016, Скопје.

## 4. Европол

### 4.1. Надлежности и задачи на Европол

Нелегалното производство и трговија со droги останува еден од најголемите и најиновативни криминални пазари во Европа. Имајќи предвид дека станува сé посложен и сé поиспреплетен со другите облици на криминал, дури и со тероризмот, тоа станува главна закана за внатрешната безбедност на Европската унија.

Европол е агенција на ЕУ, надлежна за спроведување на законот, чија цел е да помогне во создавање на побезбедна Европа преку поддршка на органите надлежни за спроведување на законот во борбата против меѓународниот сериозен и организиран криминал и тероризмот. Европол користи сопствени уникатни информациски и аналитички капацитети и експертиза од повеќе од 700 вработени, со цел откривање и влегување во трага на најопасните криминални и терористички мрежи. ЕВРОПОЛ како организација на Европската Унија надлежна за спроведување на законот, која работи со криминалистичко-разузнавачки информации, има за цел поддршка во подобрување на ефективноста и соработката помеѓу надлежните органи на земјите членки во спречувањето и борбата против организираниот криминал, тероризмот и други форми на сериозен криминал.

ЕВРОПОЛ ги има следниве основни задачи:

(а) Собирање, чување, обработка, анализа и размена на податоци и разузнавачки информации;

(б) Известувања до надлежните органи на земјите-членки за информациите што ги засегаат и за сите откриени врски меѓу кривичните дела;

(в) Помош за истраги во земјите-членки, особено преку доставување на сите релевантни информации до националните единици;

(г) Повикувања до надлежните органи на засегнатите земји-членки да започнат, водат или координираат истраги и предлози за основање заеднички истражни тимови во посебни случаи;

(д) Обезбедување разузнавачка и аналитичка поддршка на земјите-членки во врска со големи меѓународни случаи;

(ѓ) Подготовка на проценки на закани, стратешки анализи и извештаи за општи ситуации поврзани со неговата цел, вклучено проценки на закани од организиран криминал.[62]

ЕВРОПОЛ ги има следниве дополнителни задачи:

(а) Развивање на специјализирано познавање на истражните постапки на надлежните органи на земјите-членки и обезбедување совети за истраги;

(б) Обезбедување стратешко разузнавање за помош и промовирање ефикасна и ефективна примена на ресурсите достапни на национално ниво и на ниво на ЕУ за оперативни активности и поддршка на овие активности.

(в) Помош на земјите-членки преку поддршка, совети и истражување со спроведување обуки за членовите на нивните надлежни органи, организација и опрема за наведените органи преку помош во обезбедувањето техничка поддршка меѓу земјите-членки; информирање за методи за спречување на криминал и технички и криминалистички методи и анализа и истражни постапки.[63]

ЕВРОПОЛ, исто така, од 2005 година има улога на Централна канцеларија за борба против фалсификување на еврото.

Мандатот на ЕВРОПОЛ опфаќа организиран криминал, тероризам и други форми на сериозен криминал, кои зафаќаат две или повеќе земји членки, и тоа:

- недозволена трговија со дрога,
- недозволена трговија со нуклеарни и радиоактивни материи,
- криумчарење на мигранти,
- трговија со луѓе,
- тероризам,
- криминалитет поврзан со моторни возила,
- перење пари.
- 

[62] EUROPOL, *Values, A Strategy for Security*, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, 2020, достапно на: https://www.europol.europa.eu/about-europol/our-thinking

[63] EUROPOL, *Fighting crime with a full arsenal of tools*, 2020, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на https://www.europol.europa.eu/activities-services/services-support

Кривични дела против животот, телото и личната слобода:

- убиство, тешка телесна повреда,
- недозволена трговија со човечки органи и ткива,
- киднапирање, незаконско задржување/држење и земање заложници,
- расизам и ксенофобија.

Кривични дела против сопственост и јавни добра, вклучувајќи и измама:

- разбојништво/организиран грабеж,
- недозволена трговијата на културни добра, вклучувајќи антиквитети и уметнички дела,
- измама и фалсификување,
- закана, рекетирање и изнуда,
- фалсификување и пиратерија на производи,
- фалсификување на службени/административни документи и нивна трговија,
- фалсификување на пари и платежни средства,
- компјутерски криминал,
- корупција.

Незаконска трговија и штета предизвикана во околина:

- недозволена трговија со оружје, муниција и експлозиви,
- недозволена трговија со загрозени животински видови,
- недозволена трговија со загрозени растителни видови и подвидови,
- криминал против безбедноста на околината,еколошки криминал
- недозволена трговија со хормонски супстанци, материи и други поттикнувачи на раст.[64]

[64] EUROPOL, *Crime Areas,* 2020, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas

#### 4.1.1. Циклус на политики

Во 2010 година ЕУ воспостави повеќегодишен циклус на политики, чија цел е да се осигура дека во борбата против меѓународниот сериозен и организиран криминал постои:

— Ефективна соработка помеѓу органите надлежни за спроведување на законот на земјите-членки на ЕУ, институциите на ЕУ, агенциите на ЕУ и релевантни трети партнери; со што ќе се испорача

— Кохерентно и сеопфатно оперативно делување, насочено кон најкритичните криминални закани со кои се соочува ЕУ.[65]

Целосниот циклус на политики започна во 2013 година и траел четири години. Се состои од четири клучни чекори:

1. Чекор: SOCTA (Serious and Organised Crime Threat Assessment) - Проценка за закана од сериозен и организиран криминал, создадена од страна на Европол, со која се понудија пакет на препораки, засновани темелни анализи на главните закани од криминалот со кои се соочува ЕУ. Советот за правда и внатрешни работи ги користи овие препораки за да ги дефинира неговите приоритети за наредните четири години (2013-2017).[66]
2. Чекор: MASP (Multi-Annual Strategic Action Plans) – повеќегодишни стратешки акциски планови ќе бидат изготвени од приоритетите, со цел да се дефинираат стратешките цели за борба против секоја приоритетна закана.
3. Чекор: EMPACT (European Multidisciplinary Platform against Criminal Threats) – Европска мултидисциплинарна платформа против закани – Во рамки на овие проекти ќе се изготват оперативни акциски планови (ОАП) за борба против приоритетните закани.[67]

---

[65] EUROPOL, *EU Policy Cycle-EMPACT,* 2020, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: https://www.europol.europa.eu/empact
[66] SOCTA (Serious and Organised Crime Threat Assessment), Identifying the priorities in the fight against major crime, 2019, достапно на: https://www.europol.europa.eu/socta-report
[67] EUROPOL, *EU Policy Cycle-EMPACT,* 2019, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: https://www.europol.europa.eu/empact

4. Чекор: Контрола и проценка – ефективноста на ОАП и нивното влијание врз приоритетните закани ќе биде контролирано од страна на Комитетот за внатрешна безбедност на Советот на ЕУ - COSI.[68]

SOCTA има клучна улога во циклусот на политики. Од стратешки приоритети преку оперативно делување, таа треба да осигура пристап заснован на разузнување, кој што треба да претставува основа за борба против главните криминални закани, со кои се соочува ЕУ.

При подготовката на SOCTA, Европол анализира трендови и примери во посточеките криминалистички податоци, но исто така оди понатаму, преку снимање на опкружувањето и другите фактори, кои ќе влијаат на криминалот во наредните четири години од циклусот на политики. Тоа ја дава основата за основано предвидување од идните закани кон внатрешната безбедност. Анализите, кои го помагаат развивањето ан приоритетите, исто така го поддржуваат оперативното делување.

SOCTA 2013 ги даде основите, врз основа на кои Советот ги усогласи приоритетите во облста на сериозниот и организиран криминал за периодот 2013-2017 година. Секој од наведените приоритети се преточил во MASP (Multi-Annual Strategic Action Plans) – повеќегодишни стратешки акциски планови, со кои ќе се дефинираат стратешките цели кои треба да се постигнат. Со цел постигнување на овие стратешки цели, се создадоа ОАП и девет EMPACT[69] проекти ќе бидат иницирани, со цел да се координираат активностите на земјите-членки и организациите на ЕУ против идентификуваните закани. Следните девет EMPACT проекти се:

- Посредување при вршење илегална миграција
- Трговија со луѓе
- Фалсификувани стоки
- Измами со акцизни стоки.
- Синтетички дроги
- Кокаин и хероин

[68] Council's Standing Committee on Operational Cooperation on Internal Security (COSI), Europol, 2019, достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/finnish-presidency-activities-internal-security-kick-informal-cosi-meeting-europol

[69] EMPACT (European Multidisciplinary Platform against Criminal Threats) – Европска мултидисциплинарна платформа против закани.

— Недозволена трговија со оружје

— Организиран имотен криминал

— Компјутерски криминал

Веќе се забележливи подобрувања во соработката во актуелните приоритетни области, со заеднички операции и истраги кои се во тек.

Информациите од овие истраги се враќаат во Европол преку безбеден систем, SIENA, за да бидат анализирани работните досиеја за анализа на Европол - Analysis Work Files (AWFs). Разузнавачките податоци, кои произлегуваат од овие истраги, ќе информираат во фазата на оценување на Циклусот на политики и првичната проценка во 2015 година.[70]

CELAD - Во осумдесеттите години, сузбивањето на криминалот со droги во повеќето држави членки беше една од најважните теми на криминално политичката агенда. Во 1989 година Европскиот совет го создава CELAD3 – Комитет на национални претставници кои ја имаат задачата да координираат мерки на државите членки и на ЕЗ за сузбивање на зависноста од дрога и криминалот со дрога. Суштински резулат на работата на Комитетот бил изготвувањето на Европски план за сузбивањето на криминалот и злоупотребата на дрога, кој меѓу другото предвидувал основање на Европска надзорна служба за злоупотреба и криминал со дрога. Една таква служба основаше Европскиот совет во 1993 година. Таму се класирале информации за проблематиката со дрогата и со зависноста од дроги; лични податоци не биле предмет на обработка. Собирањето на податоци на надзорната служба служи како емпириски создадена основа за репресивните и превентивните мерки на државите членки. CELAD до денес постои како форма на соработка сместена во сивата зона помеѓу меѓувладината и соработката со правото на заедницата.

Најпрофитабилната активност на организираниот криминал е трговијата со дрога на којашто граѓаните Европската унија трошат најмалку 24 милијарди евра годишно, покажуваат извештаите кои заеднички ги објавуваат европската полициска агенција Европол и Европскиот центар за контрола над дрогите и зависностите (EMCDDA).

[70] Европол, достапно на: https://mvr.gov.mk/page/europol

## 4.2 Операции на Европол во спречување на трговијата со наркотици во Западен Балкан

Во последните години, се појави нов вид на организирани криминални групи во Европа, способни да оперираат во повеќе земји и во повеќе криминални сектори. Тие групи не се повеќе одредени со нивната национална припадност или специјалност во некоја област на криминалот, туку способноста да оперираат на меѓународна основа, со активности кои донесуваат максимален профит и минимален ризик.

Земјите од западен Балкан не се само транзитен регион, туку и голем извор на нарко шверцери, се оценува во студија на Европол. Меѓу водечките земји во светот кои доминираат на пазарот на наркотични средства во документот се посочени и Турција и Албанија, што се нагласува дека албанските нарко групи доминираат во шверцот со дрога во Европа.[71]

ЕМПАКТ програмата (Европска мултидисциплнарна платформа за борба против закани од криминал), вклучува нелегална трговија со огнено оружје, нелегална миграција, измама со документи и нелегална трговија со дроги обедини 6.758 полициски службеници, од кои 6.708 теренски и 50 службеници од Оперативниот центар во седиштето на Европол во меѓународната операција Денови на заедничка акција (ДЗА) за Западен Балкан за 2019 година.

По неколкумесечната подготвителна фаза, во 2017 година се спроведе оперативната фаза на овие меѓународни полициски активности, во која 50 полициски службеници од речиси сите земји членки на ЕУ и земјите од Западен Балкан, Европол, Фронтекс, ИНТЕРПОЛ и ИПА/2017 ги интензивираа проверките во спречување на нелегалната трговија и криумчарење на оружје и муниција, како и на недозволена трговија со дрога и илегална миграција.

Врз основа на претходно добиени информации за регионалните трендови и правците на движење на горенаведените видови криминал, издиференцирани беа три гранични премини на територија на Северна Македонија, на кои се вршеа зајакнати контроли на патници и возила – ГП Табановце/Србија, ГП Блаце/ Косово, ГП Богородица / Грција.

[71] Европол: Во ЕУ дејствуваат 3.600 криминални групи, меѓународната трговија со дрога и понатаму најголем проблем, 2013, достапно на: https://akademik.mk/evropol-vo-eu-dejstvuvaat-3-600-kriminalni-grupi-megunarodnata-trgovija-so-droga-i-ponatamu-najgolem-problem/

Притоа, во меѓународната операција Денови на заедничка акција (ДЗА) за Западен Балкан за 2019 година беа проверени вкупно 214.147 лица, возила и простории, а беа уапсени 175 лица (26 беа уапсени за време на подготвителната фаза, а 149 во оперативната). Покрај ова, издадени се 329 одбивања на влез, откриени се 164 тајни влезови, како и 111 пречекорување на дозвола за престој. Во операцијата беа детектирани 14 измами или злоупотреба на визи, 71 фалсификуван документ, како и 54 огнени оружја и 895 парчиња муниција.

За време на реализацијата на оперативната фаза од акцијата, активностите беа следени и координирани во рамки на двата оперативни штаба, во МВР и во Европол во Хаг, Холандија каде што работеше Оперативниот координативен центар, со преставници од земјите учеснички во акцијата и од меѓународните организации.

Операцијата беше координирана од ЕМПАКТ програмата, како дел од Политичкиот циклус на ЕУ, четиригодишен план за борба против организиран и сериозен криминал, а резултатите и собраните информации ќе помогнат во тековните и идните истраги заедничко зајакнување на границите на Европа и внатрешната безбедност.

Инаку, заради потребата од брза размена на информации во текот на акцијата, односно обезбедувањето на пристап на СМПС и Бирото за врски во Европол до сите расположливи национални бази на податоци, заради вршење на проверки во реално време, целокупната коресподенција со учесничките на истата се одвиваше преку Одделението за Европол и користење на СИЕНА апликацијата за брза и безбедна размена на информациите.[72]

Во рамки на засилената контрола за борба против нелегална трговија со огнено оружје, нелегална миграција, измама со документи и нелегална трговија со дроги на Западен Балкан на граничните премини Табановце, Блаце и Богородица во земјава се проверени 214.147 лица, возила и простории, а биле уапсени 175 лица. Од нив 23 биле уапсени за време на подготвителната фаза, а 149 во оперативната, информации наведени во соопштението на Министерството за внатрешни работи.

[72] Оперативен центар на Европол: 30 земји здружено во борбата против криминалот на Западен Балкан, 2019, достапно на: https://civilmedia.mk/operativen-tsentar-na-evropol-30-zemji-zdruzheno-vo-borbata-protiv-kriminalot-na-zapaden-balkan/

Покрај ова, во операцијата Денови на заедничка акција (ДЗА) за Западен Балкан за 2019 година, издадени се 329 одбивања на влез, откриени се 164 тајни влезови, како и 111 пречекорување на дозвола за престој. Во операцијата биле откриени и 14 измами или злоупотреба на визи, 71 фалсификуван документ, како и 54 огнени оружја и 895 парчиња муниција.

Акцијата е дек од ЕМПАКТ програмата (Европска мултидисциплнарна платформа за борба против закани од криминал), која вклучува нелегална трговија со огнено оружје, нелегална миграција, измама со документи и нелегална трговија со droги обедини 6.758 полициски службеници, од кои 6.708 теренски и 50 службеници од Оперативниот центар во седиштето на Европол.[73]

Хероинот влегува во Европа преку четири главни рути на шверц. Двете најважни се „Балканскиот пат" и „Јужниот" пат". Првиот поминува низ Турција кон балканските држави (Бугарија, Романија или Грција), а потоа кон средината, јужна и западна Европа. Неодамна се појави и група „Балкански патеки" кои ги вклучуваат Сирија и Ирак. Јужната рута, преку кои пратки од Иран и Пакистан влегуваат во Европа преку воздух или по море, директно или преку африканските држави, во изминатите неколку години стана сѐ поважна. Другите патеки ја вклучуваат „Северната рута" и трасата што поминува низ јужен Кавказ и го преминува Црното Море.

Намалување на пристапноста на хероинот се случи во неколку европски земји во 2010/2011 година. По тоталниот пад на заплени од 2009 до 2014 година, следувало стабилизација во 2015 и 2016 година. Помеѓу 2002 и 2014 година, количината на хероин запленета во внатрешноста на Европската унија е преполовена, од 10 до 5 тони во последните години и стабилизиран со 4,3 тони пријавени во 2016 година.[74]

Балканската рута останува главна влезна рута за најголемиот дел од трговијата со хероин во ЕУ. Сепак, има делумно промена во трговијата со хероин од Балканската рута до Рута за Кавказ. Извршување на криминални активности во поддршката на терористичките активности не е нов феномен. Рутите кои се користат за шверц на канабис и хероин минуваат низ истите региони, како

[73] Европска акција за спречување криминал во Западен Балкан, 2019, достапно на: https://sitel.com.mk/evropska-akcija-za-sprechuvanje-kriminal-vo-zapaden-balkan
[74] Europski centar za praćenje droga i ovisnosti o drogama, Europsko izvješće o drogama, Trendovi i razvoj, 2018

Западен Балкан, кои исто така се поврзани со терористички активности вклучително и финансирање на тероризам.[75]

Таканаречената „Балканска рута“ на трговијата со дрога доминира во оваа област. Преку оваа рута, наркотиците се испорачуваат од нивните првични производствени места во Авганистан и Исламската Република Иран преку Турција и Балканот до Централна и Западна Европа.

Она што се чини дека е заеднички предизвик во оваа област е недостатокот на политичка поддршка зад мерките преземени против трговијата со дрога и честопати недостигот на соработка (особено во областа на размена на информации) помеѓу надлежните органи.

Меѓународната соработка, особено со земјите-членки на ЕУ, се смета за успешна од повеќето земји во регионот. Ова се одвива главно, од случај до случај, во областа на полициските операции (на пример, воздушна истрага на области од култивирање канабис).

Изготвувањето на нов Национален акционен план против култивирање и трговија со канабис (НАПЦ) 2017 - 2020 произлезе од потребата да се спречи, да се бори и да се искорени овој феномен, кој и натаму е присутен и покрај големите удари што ги претрпе со текот на годините. Евалуацијата на спроведувањето на Националната стратегија за борба против наркотици 2012-2016 заклучи дека станува збор за делумен пристап и дека нејзините исходи не ги исполнуваат очекувањата и можностите. Наместо да развива нова стратегија, албанската влада одлучи да го одобри и спроведе новиот Национален акционен план против канабисот (НАПЦ).

Во март 2013 година, дојде до крај на т.н. мораториум за брз брод, закон со кој се спречуваа албанските граѓани да поседуваат брзи чамци со одредена големина. Досега не е забележано значително зголемување на интересот за регистрирање брзи бродови претходно спречени од мораториумот. Меѓутоа, областа на Јадранското и Јонското Море остана важна рута за шверц на наркотици од Албанија кон Италија.

[75] European Union Agency for Law Enforcement Cooperation (Europol), Business Fundamentals how Illegal Drugs sustain Organised Crime in the EU, 2017.

### ➢ **Мисија за летање 2017**

Следењето на теренот од воздухот продолжи да биде најважната мерка за да се идентификуваат области од одгледување канабис. Летовите ги спроведе италијанската Guardia di Finanza и се одвиваа во периодот од 15.05 до 15.09.2017 година. Процентот на надзор на воздухот на албанска територија во 2017 година беше 23,77%. Овој процент вклучува скенирано подрачје на албанската територија преку хиперспектрален сензор и скрининг на територија, со исклучок на урбаните области, езера, улици / патишта и места каде што било каков вид на култивирање е невозможно. Беа извршени вкупно 53 мисии на летање (вкупно часови на летање: 129 ч. 15 and), а преплавената и скенираната област изнесува 683.249ha. Откриени се вкупно 88 сомнителни насади канабис со вкупна површина од 1.971ha; Уништени се 4.844 растенија канабис. Во споредба со 2016 година, кога вкупно е откриена површина од повеќе од 213 ха насади канабис, значително е помала површина на сомнителни насади канабис годинава (1,971 ха).

### ➢ **Полициски активности против трговија со дрога**

Албанија продолжи да биде и земја на потекло (за канабис и нејзините деривати) и транзитна рута (за кокаин и хероин). Според албанската полиција, во 2017 година трговијата со марихуана беше проблем број еден. Канабисот сѐ уште се одгледувал низ целата земја, иако во многу помали количини отколку во 2016 година.

Во 2017 година производството на марихуана значително се намали. Со оглед на големите количини што беа запленети од страна на полицијата оваа година, може да се заклучи дека големи количини на значителна жетва за 2016 година сѐ уште се во оптек (или складирани) и се тргувани во други земји.

Во 2017 година продолжи размената на меѓусебни обвинувања на политичките сили за наводна вмешаност на сегашни и поранешни владини функционери во организирана трговија со дрога, со што високо се политизира прашањето за борба против дрогата.

- **Меѓународна соработка**

— Националната полиција на Македонија воспостави добро ниво на соработка со другите национални полициски директори во соседните земји (Албанија, Косово, Србија, Бугарија, Грција);

— Македонија има потпишано меморандум за соработка со различни земји во борбата против организираниот криминал и трговијата со дрога (т.е. Унгарија и др.);

— Националната полиција на Македонија успешно соработуваше случај за случај со полициски службеници за врски од различни земји-членки на ЕУ, особено Австрија, Германија и Италија;

— Соработката продолжува и преку мрежите на Интерпол и Европол;

— Напорите за гранична контрола се зајакнуваат преку развој на партнерства и ефективни работни односи со организации како што се INTERPOL, SELEC, SEPCA, EUROPOL, EUROJUST, DCAF, UNODC; соработката со овие мрежи е клучна за ефективно и координирано делување во справување со организираниот криминал, подобрен оперативен пристап, поддржано од високо развиена база на податоци што овозможува идентификување и таргетирање на повтори сторители;

— Продолжена е добра соработка во заеднички проекти помеѓу Националната фокусна точка (Сектор за контролирани материи, Министерството за здравство) и Европскиот центар за набудување на droги и зависности од дрога (ЕМЦДДА) како и УНОДЦ.

Црна Гора редовно соработува во врска со проблемите со дрогата со следниве земји и институции: Франција (МИЛДЕЦА-Меѓуресорска мисија за борба против дроги и зависно однесување), Италија, Словенија, Унгарија, ЕУРОПОЛ, Европската комисија-ТАИЕКС. Земјата исто така активно учествува во работата на следниве меѓународни тела од областа на политиките за дроги: Европската агенција за набљудување/мониторинг на наркотични дроги и зависности од дрога (ЕМЦДАА), мрежа Реитокс (Réseau Européen d'Information sur les Drogues et les Toxicomanies), Совет на Група Европа-Помпиду, Канцеларија за дроги и криминал на Обединетите нации (УНОДЦ), Иницијатива за Париски пакт и Мрежа за третман на зависности од Јадранска Европа од Југоисточна Европа (SEEA.NET).

## 5. Интерпол

Меѓународната криминална полициска организација[76] (подобро позната како Интерпол претставува меѓународна организација која има за цел да ја олесни соработката помеѓу полициските сили во светот. Таа била основана во 1923 година под името Меѓународна криминална полициска комисија.

Буџетот на Интерпол изнесува околу 113 милиони евра, од кој поголемиот дел е обезбеден од годишните придонеси на полициските служби кои се нејзини членки. Нејзин актуелен Генерален секретар е Јурген Сток, поранешен заменик-шеф на Германската федерална полиција. Тој го замени местото на Роналд Нобл кој бил на таа позиција до ноември 2014 година по служба од вкупно 14 години.[77] Актуелен претседател на Интерпол е Ким Јонг Јанг, кој беше избран на 87-то Генерално собрание во Дубаи во ноември 2018 година. Г-дин Ким ќе служи како претседател до 2020 година, завршувајќи го четиригодишниот мандат на неговиот претходник г-дин Менг, кој поднесе оставка во 2018 година.[78]

Меѓународната организација за криминалистичка полиција – ИНТЕРПОЛ е најголемата меѓународна полициска организација, во која членуваат 194 земји од светот (по бројот на членство, е втора најголема светска организација, после ООН).[79]

Формирана е во 1923 година, со цел да ја олесни меѓународната полициска соработка, како и да им даде поддршка и помош на сите организации, служби и сервиси, чија задача е превенција и борба против меѓународниот криминал.

Визијата на Интерпол се рефлектира преку „Поврзување на полициите за побезбеден свет". Визијата на ИНТЕРПОЛ е свет во кој сите службеници кои работат на спроведување на законот да можат преку ИНТЕРПОЛ безбедно да комуницираат, да споделат и добијат клучни полициски информации секогаш кога е потребно, обезбедувајќи ја безбедноста на граѓаните во светот.

---

[76] На англиски: *International Criminal Police Organization*, на француски: *Organisation internationale de police criminelle*).

[77] „Германецот Јурген Сток, нов шеф на Интерпол". Sky News (англиски). 8 ноември 2014.

[78] Alex Cooper, Interpol Votes in South Korea's Kim Jong Yang as President, *Organized Crime and Corruption Reporting Project,* 2018.

[79] INTERPOL, Member Countries, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Member-countries

ИНТЕРПОЛ константно обезбедува и промовира иновативни и современи солуции за глобалните предизвици во полициското делување и безбедноста.[80]

**Мисија:**

„**Превенција и борба против криминалот, преку зајакната соработка и иновација во полициските и безбедносните работи**„

ИНТЕРПОЛ ја олеснува најшироката можна меѓусебна помош помеѓу криминалистичките служби. Осигурува дека полициските служби ширум светот можат да комуницираат безбедно, како и директен пристап до полициски податоци и информации на глобално ниво. Обезбедува оперативна поддршка во специфички области на криминалот. Континуирано работи на подобрување на полициските капацитети во превенција и борба против криминалот и развој на вештини неопходни за ефективно меѓународно полициско делување.




[80] INTERPOL,What is INTERPOL, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/What-is-INTERPOL

**Правила за соработка:**

- третиот член од статутот забранува ИНТЕРПОЛ да врши било какви дејствија и посредувања кои имаат политичко, верско, расно или воено значење;
- соработката се однесува исклучиво за таканаречени вообичаени криминални дејствија;
- во секое барање мора да се наведе причината за собирање на потребните информации и секако мора да се наведе точно одредено казнено дејствие.

**Организациската структура на ИНТЕРПОЛ ја сочинуваат:**

- Генералното Собрание (ГС)
- Извршниот Комитет (ИК)
- Генералниот секретаријат
- Националните Централни Бироа (НЦБ)
- Советници[81]

Генералното собрание и Извршниот комитет ја формираат управата на организацијата која ја раководи Претседател, кого го избира Генералното собрание за период од 4 години. Неговата улога е да заседава со ГС и ИК и да обезбеди активностите на ИНТЕРПОЛ да се во согласност со одлуките кои се донесени на овие состаноци.

Генералното собрание (ГС) е највисок орган кој го сочинуваат делегати назначени од секоја држава членка. ГС заседава еднаш годишно во различни места во светот и ги носи сите важни политички одлуки како и одлуки кои се однесуваат на ресурсите, работните методи, финансиите активностите и програмите на Интерпол. ГС, исто така, го избира и Извршниот комитет. Генерално, ГС носи одлуки со просто мнозинство во форма на резолуции.[82]

Извршниот комитет (ИК) е извршен орган на Интерпол, кој има 13 членови избрани од Генералното собрание. Со ИК претседава претседателот на Организацијата избран исто така од ГС. Покрај претседателот ИК го сочинуваат и 3 потпретседатели и 9 делегати. Членовите на ИК треба да потекнуваат од различни земји, при што треба да се води сметка за географската застапеност

---

[81] INTERPOL, *Governance*, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Governance

[82] Fooner, M. (1989), *Interpol - Issues in World Crime and International Criminal justice*, Springer Science+ Business Media, LLC, New York, 115-120 pg.

(чл.15). Претседателот се избира на 4 години со 2/3 мнозинство, ако не се постигне мнозинство по второто гласање, доволно е и просто мнозинство. Потпретседателите се избираат на 3 години со просто мнозинство. Секоја држава има еден глас. Во вршење на своите должности сите избрани во ИК се сметаат за претставници на Организацијата а не претставници на своите земји. ИК се состанува најмалку еднаш годишно (чл. 20) а, а по правило 2 до 3 пати годишно.

Функции на ИК се (чл.22):

— контрола на извршувањето на одлуките на ГС
— подготовка на дневниот ред на заседанијата на ГС
— поднесување предлози и програми за работа на ГС
— контрола на работата на генералниот секретар
— извршување други задачи кои му ги доверува ГС.

Генералниот секретаријат е лоциран во Лион и него го сочинуваат Генералниот секретар, административниот и техничкиот персонал на Секретаријатот, Генералниот секретаријат работи 24 часа 365 дена во годината на четирите официјални јазици на организацијата: арапски, англиски, француски и шпански. Секретаријатот има шест регионални канцеларии во Аргентина, Брегот на слоновата коска, Ел Салвадор, Кенија, Тајланд и Зимбабве и Канцеларија за врски во ООН.

Секретаријатот е поделен на 4 Одделенија кои што покриваат административни работи, полициски работи, истражување и техничка помош.

Со Секретаријатот раководи Генерален Секретар кој го именува Генералното Собрание за време од 5 години со можност за реизбор. Генералниот секретар е всушност шеф на организацијата и е одговорен за дневната меѓународна полициска соработка и имплементација на одлуките на ГС и ИК.

Генералниот секретар и персоналот на Секретаријатот, според Статутот (чл.30), се независни од владите на државите што ги делегираат и не смеат да се советуваат со нив или да работат по нивни инструкции.

Обемот на работата на Секретаријатот е мошне широк и сложен и покрива различни активности:

— ги спроведува одлуките на ГС и ИК
— дејствува како меѓународен центар во борба против општиот криминал

— комуницира со националните и меѓународните органи и тела во однос на истражувањето на криминалот

— размена на документација и информации

— издавање оперативни, научни и стручни публикации итн.[83]

Национални централни бироа (НЦБ)–преку нив се одвива сржта на операциите на Интерпол. Владата на секоја држава членка е должна да именува едно постојано тело кое делува како средиште на сите комуникации на Интерпол. НЦБ е претставник на организацијата во земјата членка и истовремено претставник на државата членка во организацијата. Секоја земја ги организира како посебни служби при министерствата за внатрешни работи или правда или како посебни самостојни тела. ЦНБ обезбедува врска со:

— различните служби во својата земја

— другите НЦБ

— Генералниот секретаријат на организацијата.

НЦБ ги спроведуваат одлуките на Интерпол, поведуваат пред домашните полициски органи активности од значење за МПС, прибираат и разменуваат документација и информации за извршители на казниви дела, ги канализираат оперативните откривачки активности на Интерпол во соработка со други национални органи и други НЦБ и со службите на генералниот секретаријат, и помагаат во остварување на други облици на соработка, како што е екстрадицијата и казнено-правната помош во судските предмети.

НЦБ служат како контакт точки за странски органи кои можеби не ја разбираат комплексноста на системот за извршување на законите на земјата со која сакаат да стапат во контакт. Тие имаат само еден партнер во односната земја, а тоа е НЦБ.[84]

Советници се експерти кои имаат советодавна улога за проучување на некои научни прашања (чл.34). Тие можат да бидат именувани од ИК и потврдени од ГС. Тоа се лица кои имаат меѓународна репутација и углед во некоја од областите кои се од интерес за Организацијата.

---

[83] INTERPOL, Secretary Gerneral, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/General-Secretariat/Secretary-General
[84] INTERPOL, National Centar Burreaus, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Member-countries/National-Central-Bureaus-NCBs

### 5.1 Надлежности и задачи на Интерпол

Основните цели на Интерпол се етаблирани во неговиот Статут, и тоа: развивање на реципрочна помош на сите органи на криминалистичката полиција и во рамките на законите на посебните држави и во склад на Универзалната декларација за правата на човекот, како и востановување и развивање на сите институти што можат ефикасно и ефективно да придонесат во превенцијата, а воедно и во репресијата на општите казниви дела. Што се однесува на правниот статус, организацијата ја чинат службени органи на полицијата, определени од матичните држави. Земајќи во обѕир дека државите не се членки на Интерпол, се поставува прашањето дали е тоа "меѓувладина организација". Во полза на поставеното прашање зборуваат повеќе аргументи: органите на полицијата не може да земаат учество во активностите на Интерпол без согласност на нивните влади, котизацијата се исплаќа од државните буџети, шефовите на делегациите што учествуваат во работата на Генералното собрание ги именува односната влада итн.

Трите основни функции на ИНТЕРПОЛ се:

А) **Обезбедување на сигурни, глобални полициски сервиси за комуникација** – преку својот информациски систем – I/24-7, ИНТЕРПОЛ им овозможува на своите земји членки, преку НЦБ-ата, размена на електронска пошта, користење на повеќе WEB сервиси, како и директен пристап до централните криминалистички бази на податоци;

Б) **Обезбедување на криминалистички бази на податоци – ASF (Automatic search facility)** – ИНТЕРПОЛ менаџира повеќе бази на податоци, кои на полициите ширум светот им даваат информации кои можат да помогнат во водењето истраги и превенција на криминалот. Наведените бази на податоци содржат важни информации за лица, отпечатоци, ДНК профили, слики со детска потнографија, украдени/изгубени патни исправи, украдени моторни возила, украдени артефакти, сите достапни преку I/24-7.

В) **Оперативна полициска поддршка – ИНТЕРПОЛ** се обидува да ја унапреди улогата на НЦБ-ата и регионалните канцеларии прилагодувајќи ја работата на Генералниот Секретаријат кон нивните потреби, особено во оперативната активност во приоритетните подрачја на криминалот: јавна

безбедност и тероризам, дрога и организиран криминал, трговија со луѓе, финансиски и компјутерски криминал и меѓународни потерници.[85]

## 5.2 Улогата на Интерпол во борбата против недозволената трговија со дрога

Сржта на функционирањето на Интерпол како меѓународна организација се состои во размена на полициски информации за криминални дејанија што излегуваат од границите на една суверена држава. Имено, една држава за да иницира размена на податоци за одреден кривичен настан треба да егзистира можност сторителот на кривичното дело или последицата од делото да засегнат територија и суверенитет на некоја држава членка на Интерпол. Соработката помеѓу државите членки се операционализира на доброволна база. Дали одредена држава ќе постапи или нема да постапи по некое барање за меѓународна криминалистичка или кривично правна помош и за размена на информации зависи од нејзината одлука. Соработката се спроведува помеѓу најмалку две држави членки со непосредна комуникација, при што со содржината на информацијата може да биде запознаен и Генералниот секретаријат на Интерпол; помеѓу државите членки групирани во одредени зони, како и на глобален план кога информацијата може да биде доставена до сите држави членки.

Полето на меѓународна соработка е регулирано со статутот на Интерпол и е лимитирано во членот 3. Овој член од статутот строго забранува инволвирање на организацијата во активности кои имаат политички, воен, религиозен или расен карактер, така што тој претставува „совест" на Интерпол. За сето ова да биде возможно, неопходно е да постојат бази на криминалистички податоци складирани на национално (националните, безбедносните структури) и на интернационално ниво (во Генералниот секретаријат), како и ефикасен телекомуникациски информативен систем во рамките на организацијата и во НЦБ.

[85] Интерпол, достапно на: https://mvr.gov.mk/page/interpol

Прогресот на ефикасен и ефективен телекомуникациски и информациски систем отсекогаш претставувал приоритетна активност на Интерпол. Интерпол во 2002 година мошне солидно ја организирал оваа активност со воведувањето електронски комуникациски систем 1-24/7. Електронски систем за обработка на податоци во рамките на Генералниот секретаријат е воведен во 1998 година и тој е познат под името Interpol Criminal information system (ICIS).

ICIS овозможува синхронизирано, аналитично и прецизно раководење на базите на податоци во сите области од дејствувањето на Интерпол. Имено базите на податоци се систематизирани според линискиот принцип на криминалистичко работење, и тоа: потрага по лица и предмети, тероризам, недозволена трговија со деца и бело робје, недозволена трговија со наркотици, корупција, финансиски криминалитет, сајбер криминалитет (компјутерски), еколошки криминалитет итн. Електронскиот комуникациски систем 1-24/7 овозможува 24-часовна комуникација на принципот на интернет. Системот овозможува непосредни комуникации, и тоа најмалку помеѓу две држави членки или помеѓу сите држави членки на глобален план. Воедно овој систем овозможува непосредна комуникација на кое било НЦБ со ICIS електронските бази на податоци предводени од страна на Генералниот секретаријат. Имено преку компјутерската станица инсталирана во НЦБ може да се пребарува во која било база на податоци од ICIS, како и да се депонираат податоци за лица или предмети што подоцна ќе им бидат на располагање на сите земји членки. Така, на пример, НЦБ за краток временски период може да провери дали некое патничко моторно возило е објект на меѓународна потрага распишана од друга држава; националната потрага што ја води сопствената земја преку овој систем може да ја пренасочи на меѓународен план до сите држави членки или, пак, до одредена зона на Интерпол.

Доколку се земе предвид дека трговијата со дрога е класичен вид на меѓународно организиран криминалитет со кој се занимаваат добро организирани меѓународни криминални организации, тогаш улогата на Интерпол во борбата против оваа девијантност зазема водечка улога. Во рамките на Директоратот за борба против недозволена трговија со дрога функционира специјализиран поддиректорат на Интерпол.

Суштинската улога на овој поддиректорат е:

1) Собирање;

2) Спроведување;

3) Анализирање и дисперзирање на податоци за недозволена трговија со наркотици;

4) Контрола и следење на ситуацијата во врска со злоупотребата на наркотични средства на глобален план;

5) Координирање на меѓународните истраги;

6) Одржување врски со ООН и со нејзините специјализирани агенции, како и со останатите меѓународни и регионални организации вклучени во борбата против недозволената трговија со дрога. [86]

Една од неговите најважни карактеристики е како главен извор да ги користи професионалните и техничките совети поврзани со дрогата за потребите на Генералното собрание, Извршниот комитет на Интерпол и на НЦБ. Поддиректоратот за борба против недозволената трговија со дрога организира работни состаноци помеѓу експерти за борба против недозволената трговија со дрога на две или повеќе држави членки за тие да се охрабруваат на меѓусебна соработка и за трансфер односно размена на информации. Разменувањето на ваквиот вид полициски информации може да даде солидни резултати во спречувањето на злоупотребата на дрога. Поддиректоратот за борба против недозволената трговија со дрога, исто така, организира редовни или повремени регионални и глобални состаноци на кои се дискутира за најновите техники на истрага на случаи поврзани со дрога, со цел да се јакне довербата за размена на податоци.

[86] INTERPOL, Drug Trafficking, 2019, достапно на: https://www.interpol.int/en/Crimes/Drug-trafficking

## 5.3 Акции на Интерпол во Западен Балкан поврзани со трговијата со наркотици

*„Снабдувањето со недозволена дрога ширум светот е пообемно, пософистицирано и поразновидно од кога и да било*". - Тим Морис, Извршен директор за полициски служби.

Криминалните мрежи на трговија со различни видови на наркотици, како канабис, кокаин, хероин и метамфетамин се широко распространети со оглед на зголемената порозност на меѓународните граници, пристапноста и злоупотребата на дрога ширум светот.

Трговијата со дрога е често поврзана со други видови на кривични дела, како перење пари или корупција. Криминалните мрежи исто така можат да користат патишта за трговија со дрога за транспорт на други недозволени производи.

Криминалците бараат се повеќе креативни начини да ги сокријат наркотиците за време на транспортот, што им отежнува на службите за спроведување на законот да ги пронајдат овие супстанции. Покрај тоа, често се произведуваат нови синтетички лекови, така што полициските служби секогаш мора да бидат свесни за новите трендови и производи на нелегалниот пазар.[87]

Интерпол обезбедува оперативна поддршка, анализи и обука за да им помогне на националните полициски служби да ја скратат во големи размери трговија со дрога. Бидејќи видовите на наркотици и патишта се разликуваат постојано, неопходно е земјите да работат заедно и на координиран начин.

Интерпол им помага на националните, регионалните и меѓународните агенции за спроведување на законот во борбата против недозволено производство, трговијата со луѓе и употреба на дрога како што следи:

- Глобални операции против трговија со дрога и помош за тековни истраги.
- Анализа на полициските информации за рутите за трговија со дрога, модус операнди и вклучени криминални мрежи.
- Комплетна обука за полицијата ширум светот со цел подобрување на борбата против трговијата со дрога.

[87] https://www.interpol.int/es/Delitos/Trafico-de-drogas

Целта на операцијата „Балкан тригер“ е да се создаде цврста основа која ќе биде појдовна точка за натамошните активности на земјите во борбата со недозволена трговија со огнено оружје. Покрај полициските службеници кои дејствуваа во сопствените земји, во регионалниот координативен центар во Сараево партиципираа и полициски службеници од земјите учеснички, а кои дејствуваа во корелација со координативниот центар во Генералниот секретаријат на Интерпол.[88]

Во операцијата наречена „Лајонфиш“ исто така откриена е илегална лабораторија во приватна куќа во Холандија, со капацитет да произведе 700.000 екстази пилули.

Во координирани полициски акции во 93 земји запленети се повеќе од 55 тони дрога, а 1 300 луѓе се уапсени, објави Интерпол.

Полицијата запленила повеќе од 35 тони кокаин, пет тони хероин, 15 тони канабис и 430.000 амфетамини.

Во текот на првата глобална иницијатива, која истовремено ги вклучила сите региони на Интерпол во борба против трговија со дрога, безбедносните комуникациски ситеми на организацијата им овозможиле на учесниците да ги координираат своите акции со полицијата од било кој дел на светот.[89]

**Операции**

Интерпол ги координира операциите за трговија со дрога кои опфаќаат различни региони во светот и ја даваат нивната поддршка за операции поврзани со дрога и истражувања спроведени од национални или меѓународни организации. Целта е да се прекине минувањето на одредени производи по патиштата кои влијаат на специфични региони или меѓународните текови на недозволена дрога.

Нивните оперативни состаноци служат како платформа за службени лица од целиот свет да разменуваат информации за случаи во кои идентификуваат заеднички врски.

---

[88] Приведени 14 лица и запленето оружје и дрога во операцијата „Балкан тригер“ на Интерпол, 2016, достапно на: https://www.libertas.mk/privedeni-14-litsa-i-zapleneto-oruzhje-i-droga-vo-operatsijata-balkan-triger-na-interpol/

[89] Интерпол заплени 55 тони дрога во глобална операција, 2018, достапно на: http://www.sudstvo.mk/

Моделот на операции Lionfish има за цел трговија со дрога преку сите можни правци: воздух, копно и море. За прв пат беше спроведена во 2013 година во Латинска Америка, а од тогаш овој модел е пренесен во други региони во светот, во кои учествуваа илјадници службеници за спроведување на законот.

**Обука**

Суштински елемент на стратегијата за наркотици на Интерпол е да се осигура дека полициските служби ширум светот имаат знаење и вештини за да спречат, истражат и демонтираат трговија со дрога.

Обуката може да се комбинира со оперативна поддршка за да им помогне на земјите-членки во планирањето и извршувањето на теренските операции против трговијата со дрога.

**Светска конференција за недозволена дрога**

Првата глобална конференција за недозволена дрога на Интерпол се одржа во април 2018 година во Шпанија, на која учествуваа претставници од повеќе од 100 земји. Учесниците имаа можност да ги разгледаат најновите случувања и импликациите од конвергенцијата помеѓу трговијата со дрога и други криминални активности, како перење пари, компјутерски криминал и недозволена трговија со оружје.[90]

**Анализа на полициските информации**

На полициските служби им е потребна навремена и точна полициска информација за да ги разберат криминалните трендови и соодветно да ги прилагодат нивните активности и политики. Интерпол ги поддржува земјите-членки со обезбедување информации со специфични анализи за трговијата со дрога.

Тие произведуваат аналитички извештаи кои комбинираат информации за националната полиција со податоци од други извори - како што се меѓународни организации, граѓанско општество и отворени извори. Ние им помагаме на нашите земји-членки да ги зголемат своите знаења за криминалот,

[90] INTERPOL, *INTERPOL: Trace the money to fight drug trafficking*, (first INTERPOL Global Conference on Illicit Drugs to more efficiently tackle the trafficking of drugs), 26 April 2018.

да ги потенцираат прашањата од можен интерес и да ја поттикнат прекуграничната координација.

**Размена на полициски информации**

Интерпол управува со датотека за анализа на наркотици, која се состои од складиште на информации што ги споделуваат 114 земји за регионална и меѓународна трговија со дрога кои влучуваат:

— Транснационални криминални мрежи, нивни членови и партнери.

— Телефонски броеви, адреси на веб-страници и други медиуми поврзани со трговија со дрога.

— Модус операнди

— Финансиски информации што се користат за прикривање или перење на средства.

— Локации поврзани со криминални активности.

Наспроти она што се случува со нивните бази на податоци, Датотеката за анализа не само што вклучува полициски информации, туку вклучува и разновидни информации, од меѓународни организации, граѓанско општество и отворени извори, со цел да се идентификуваат можните врски. Овие информации им помагаат на владината агенција и службениците за спроведување на законот да донесуваат повеќе информирани одлуки.

**Идентификација на ознаките**

При испраќање на голем обем на наркотици, групите на организиран криминал ги компресираат пакетите со метални уреди. Овој процес остава траги на пакетите и таблетите.

Интерпол менаџира со база на податоци наречена РЕЛИЕФ, каде што се чуваат информации за овие брендови. Официјални лица од земјите-членки можат да ја проверат базата на податоци за да видат дали истиот уред е користен за да се компресира друг пакет на запленети наркотици, во друг случај, некаде во светот. РЕЛИЕФ содржи и информации за логоата на таблетите и хемискиот состав на различни супстанци.[91]

[91] INTERPOL,Drug analysis and intelligence, RELIEF Database, 2019, достапно на: https://www.interpol.int/fr/Infractions/Trafic-de-stupefiants/Analyse-et-renseignement-sur-les-stupefiants

## 6. Модели на меѓународна полициска соработка во спречување на трговијата со наркотици

Со рапидниот пораст на транснационалниот криминал, паралелно се наметнува потребата од меѓународната полициска соработка. За да се одговори на предизвиците, таквата соработка е неопходно да биде интензивирана од сите засегнати држави. Меѓународната полициска соработка зазема сѐ позначајна улога во сферата на меѓународната соработка за спречувањето на криминалот, и тоа како класичните, така и современите облици на криминал. Имено, спречувањето на современите облици на транснационален организиран криминал е назамисливо без координирана акција на полициските служби на повеќе држави во откривањето на делата и извршителите во обезбедувањето докази итн. Во операционализирањето на својата детектирачка и превентивна функција полицијата може најбрзо и најефективно да реагира во случај на бегство во друга држава, а сѐ поголемата фреквенција на луѓе и стоки ја става во позиција на речиси незаменлив превентивен чинител, чијашто активност се изразува особено како спречување на влегување на територијата на државата на криминалци или внесување на предмети на казниво дело (оружје, дрога). Покрај ефикасното откривање и спречување на казнивите дела и нивните извршители, интензивната меѓународна полициска соработка е неизбежна претпоставка за функционирањето и на другите облици на соработка. Така, меѓународната казнено-поправна помош, што се остварува меѓу правосудните органи, речиси е незамислива без агилен придонес на полицијата (во пронаоѓањето на сведоците, вршењето увид или други дејства). Исто така, во постапката на екстрадиција полицијата презема дејства на откривање и лишување од слобода на лицето за кое се бара екстрадиција и во обезбедувањето докази што им се ставаат на располагање на судот и на другите органи што ја спроведуваат постапката.

Во определени ситуации полициската соработка се јавува како супститут на формалната казнено-поправна помош. Така, кога последнава не е можна од кои и да било причини (елементарна може да биде непостоење на билатерален договор за таква помош меѓу државите), може да се искористи полициската комуникација заради размена на информации со цел спречување на вршење казниви дела или откривање и следење на нивните извршители. Сферата на меѓународни информации е од значење за превенцијата и репресијата на

криминалот, но сепак информациите и податоците со кои располага криминалистичката полиција на секоја одделна држава ни оддалеку не се доволни кога станува збор за организиран транснационален криминал или за откривањето и гонењето за меѓународни злосторства. Нивното успешно сузбивање води кон потребата од развивање методи, организациски, технички и други претпоставки за размена на информациите, како и за нивна систематизација и централизација на меѓународен план. Мошне плодотворна за спречувањето на криминалот е и полициската соработка што се состои во размена на искуства, стручно усовршување и едукација на кадарот и воопшто унапредување на методите на полициската работа итн. Со исклучок на определени сфери, како што е таканаречениот политички криминал, не постојат никакви отпори од државите на еден таков тренд на сѐ поширока и поинтензивна комуникација и заеднички настап во превенцијата и во репресијата на криминалот. Земајќи ја во предвид географската положба на Македонија, лесно може да се констатира дека нејзината територија ако не друго претставува транзит на илиегални стоки и услуги наменети за европскиот илегален пазар.

Македонија соработува со сите круцијални организациски структури кои се борат против транснационалниот криминал. Значајна улога заземаат Европол и Интерпол. Овие полициски организации изобилуваат со стручен и искусен кадар, финансиски средства, информациски системи, логистика и меѓународен углед. Соработката со истите е од исклучителна важност. За да постои успешна полициска соработка помеѓу државите против транснационалниот организиран криминал, првенствено неопходно е да се преземат низа активности на билатерален или на мултилатерален план: склучување на меѓународни договори, организирање на меѓународни симпозиуми, хармонизација на домицилните легислативи и други чекори во полза на сузбивањето на транснационалниот криминал. Македонија е потписник на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, има склучено Договор за оперативна и стратешка соработка со Европол, потписник е на проектот ILEKU'SC, значајно од аспект на соработката помеѓу Македонија и ЕВРОПОЛ, исто така Меморандумот за разбирање за воспоставување на безбедна комуникациска врска и Билатералниот договор меѓу РМ и ЕВРОПОЛ за поврзување на компјутерски мрежи и др. Што се однесува до домицилната

номенклатура, меѓународната соработка е регулирана во Уставот, Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, Законот за полиција, Законот за кривичната постапка и со подзаконски акти.

## 6.1 Меѓународна полициска соработка

Меѓународната полициска соработка започнува локално и завршува на меѓународно ниво. Полициската меѓународна соработка, покрај меѓународните и националните правни рамки, размената на добри практики, заедничко тренирање и обука, пред се, се заснова на размена на информации дадени на земјите учеснички, т.е. тие испраќаат полициски единици за меѓународна оперативна соработка исклучиво со заштитен комуникациски канал. Во овој контекст, постојат општи и специфични правила за меѓународна комуникација. Општите правила на меѓународната комуникација вклучуваат дека информациите или барањата треба да се испраќаат само преку еден канал за комуникација, а во исклучителни случаи можат да се испраќаат истовремено преку различни канали за комуникација, само целта на испраќањето во барањето мора да биде јасно наведена. Комуникацискиот канал не се менува за времетраењето на работењето или во која било фаза од размената на информации, освен ако тоа навистина не е потребно.

Промените во комуникацискиот канал мора да бидат доставени до сите учеснички страни, вклучително и причините за промената. Користените кодови мора да бидат компатибилни со системот за комуникација на земјите учеснички. Покрај тоа, секогаш кога е можно, единицата надлежна за меѓународна полициска соработка одговара директно на меѓународно барање. Во случаи кога единицата надлежна за меѓународна полициска соработка не може директно да одговори на друга единица за меѓународна соработка во една земја затоа што е надвор од нејзиниот мандат или не е во можност да добие информации од локално или национално ниво, ќе го достави барањето до надлежниот државен орган дури и ако првобитно барање погрешно упатено до друго тело. Во случаи кога ако барањето е конечно одбиено, причините за одбивањето мора да бидат обезбедени преку почетниот канал, со причините за одбивањето на барањето. Конечно, според општите правила за меѓународна комуникација, единицата надлежна за меѓународна полициска соработка има моќ да потврди дека

информациите добиени преку билатерални офицери за врски и други тела за врски кои можат да бидат корисни за други услуги во рамките или надвор од земјите-членки и ако ако тоа е случај, тогаш единицата бара и го охрабрува сопственикот на информацијата да ги проследи тие информации понатаму. Сепак, единицата надлежна за меѓународна полициска соработка во сите случаи нема овластување да ги пренесува тие информации или информации без сопственикот. Практиката укажува дека најдобро е единицата надлежна за меѓународна полициска соработка во сите земји да има правен орган да го стори истото.[92]

## 6.2 Улогата на полициските служби во откривањето на нарко-криминалитетот

Согласно принципот на владеење на правото, полицијата е јавна институција што се воспоставува со закон, а полициските операции мора да се преземаат во согласност со националното право и со меѓународните стандарди прифатени во соодветната земја и законодавството кое се однесува на полицијата треба да биде достапно и разбирливо за пошироката јавност и доволно јасно и прецизно.[93] Во таа смисла, основни задачи на полицијата во едно демократско општество согласно принципот на владеење на правото се: одржување на јавниот ред и мир и поредокот во општеството; гарантирање, обезбедување и почитување на основните човекови слободи и права, согласно Европската конвенција за човекови права; спречување и борба против криминалот; откривање на криминалот; и обезбедување помош и услужни функции на јавноста.

Со оглед на потребата од размена на информации, како и намалувањето на достапноста на дрогите на локално ниво, од големо значење е концептот на полициското работење во заедницата. Полициското работење во заедницата е филозофија која промовира организациски стратегии кои ја поддржуваат систематската употреба на партнерства и техники за решавање проблеми,

[92] Fuad Džaka, Znacaj medunarodne policijske saradnje I savremenih policijskih sluzbi u borbi protiv svih oblika medunarodnog kriminaliteta, 2009.
[93] Арнаудовски, Љ. и др. *Полициско работење во мултиетничка средина*, Прирачник (второ дополнето издание), Здружение на граѓани Центар за отворена комуникација, Скопје, 2003.

проактивно упатувајќи на непосредните услови кои задираат во прашањата од областа на јавната безбедност, како што се криминалот, девијантните појави и сл. Во таа насока, штом полициските органи ќе ја стекнат довербата од населението во заедницата и ќе станат чувари на нивната безбедност, ќе се создадат услови за подобро разбирање на потребите на заедницата и на факторите за криминал.[94]

Традиционално, задачата на полициските служби во насока на спречувањето на нарко-криминалитетот се огледува преку преземање на мерки и активности насочени непосредно кон откривање и сузбивање на криминалните организации што се занимаваат со трговијата со дрога, независно дали како дел од организираниот криминал или како индивидуална трговија со мали количини на дрога. Поради тоа, неопходна е правилна внатрешна организација на полициските единици, специјализирани за откривање и гонење на казнените дела од областа на трговијата со дрога, составени од професионалци, добро едуцирани и обучени, познавачи на законските прописи, кои треба да постапуваат законски со почитување на основните човекови слободи и права и кои ќе соработуваат со другите органи и институции, а особено со царинските служби. Така, на пример, во зависност од внатрешната организација, во многу држави постои централен орган кој е надлежен за откривање на трговијата со дрога и употребата на дрога, општо познат како Биро за наркотици. Оваа оперативна единица ги акумулира највисоките суштински познавања за дрогите генерално и цели директно кон изворот на проблемите и ги презема најсофистицираните истраги против трговците со дрога. Покрај Бирото за наркотици, постојат и други полициски оддели чија надлежност е откривањето на трговијата со дрога, но најчесто тие се специјализирани за откривање на организираниот криминал.

Организираните криминални групи брзо ги приспособуваат своите модус операнди и го искористуваат напредокот во технологијата со користењето на полупотопливи бродови, беспилотни летала и модерна телекомуникациска опрема за трговија со дрога. Ефективен одговор на овие случувања бара подобро опремени и обучени полициски сили. Поради тоа, од особено значење, покрај специјализираните оддели за откривање на трговијата со дрога, се и граничната

---

[94] Kennedy, D. M., Wong, S., *The High Point Drug Market Intervention Strategy*, Center for Crime Prevention and Control, John Jay College of Criminal Justice Washington, D.C., 2009.

полиција (копнена, водена и воздушна во зависност од границите на една држава) чии припадници исто така треба да бидат соодветно обучени за контрола и откривање на трговијата со дрога, единиците за информатичка технологија надлежни за следење на продажбата на дрога во интернет-просторот, службите за криминалистичко разузнавање и, секако, разузнавачките и контраразузнавачките служби кои преку своите канали добиваат информации и за трговијата со дрога, што е од голема важност бидејќи нарко-криминалот неретко е поврзан и со финансирањето на тероризмот и други форми на организиран криминал кои претставуваат закана за националната безбедност.

Поради сериозноста и вклученоста на голем број лица во овој вид криминал, најчесто како мерки за негово откривање се користат посебните или специјални истражни мерки. Имено, под специјални истражни мерки се подразбираат дејствија на систематско прибирање на информации, на начин со кој не се вознемирува лицето засегнато со нив, применети од страна на полицијата со цел откривање и истрага на казнени дела и осомничени сторители. Од оваа дефиниција произлегува дека се работи за прикриени полициски активности чија цел е прибирање, регистрирање и обработка на информации за сторено казнено дело или за осомничено лице, односно за создавање доказна основа за понатамошни активности за гонење на сторителот на казненото дело.[95] Потребата за примена на овие мерки произлегува од неможноста да се постигнат солидни резултати во борбата против организираниот криминал со конвенционалните мерки, бидејќи класичните мерки и техники на откривање се доволни за откривање на т.н. уличен криминал.

Во зависност од законодавството на секоја држава се применуваат различни облици на посебни истражни мерки, а кои во најголем дел произлегуваат од конвенциите за борба против организираниот криминал и препораките на засегнатите страни (држави-потписнички и специјализирани меѓународни агенции или организации што се занимаваат со откривање и сузбивање на организираниот криминал). Меѓутоа, користењето на овие мерки треба да биде прецизно законски регулирано, без да се навлегува во приватниот

---

[95] Камбовски, В., *Организиран криминал*, 2 август С - Штип, Скопје, 2005

живот на други лица што се поврзани со лицата или предметите од интерес и секако да се почитуваат основните човекови слободи и права. Постојат низа посебни истражни мерки, но од аспект на откривањето на трговијата со дрога, согласно Виенската конвенција и Конвенцијата од Палермо, најчесто се користат контролираните испораки. Се работи за техника со која се дозволува недозволена или сомнителна пратка со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори или нивна замена, како и друга стока што недозволено се пренесува да се пропушти од, низ или на териториите на договорните страни, со знаење и под надзор на нивните надлежни органи, со цел да се дојде до примателот или испраќачот на стоката (дрогата) и до неговите соучесници.[96]

Оваа мерка исто така се користи како посебна техника при спречување на перење пари, кое многу често е последица од приносите од трговијата од дрога кои треба да се инфилтрираат во легалните финансиски текови, согласно препораката од ФАТФ, која бара од државите да обезбедат мерки за конфискација на имотот и средствата стекнати преку нелегални активности. Други посебни истражни мерки што исто така може да се користат за откривање на трговијата со дрога се: тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства; користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци итн. Мерењето на влијанието на мерките на полициските служби врз нелегалните пазари на дрога е тежок проблем. Конвенционалните пристапи за оценување на ефикасноста на спроведувачите на законите во областа на дрогите се фокусираат на употребата на дрога, запленувањето на дрогата и на податоците за апсење. Меѓутоа, овие податоци говорат повеќе за степенот до кој полицијата се вклучува во одредени видови активности и издвојува ресурси отколку за нивната ефективност, бидејќи за криминалот што се однесува на недозволени дроги се далеку поголеми шансите да биде откриен од страна на органите за спроведување на законот отколку тој да им биде пријавен. Од тие причини, како и поради сериозноста и обемот на криминалот со дрогата во светски рамки, националните полициски органи соработуваат меѓу себе преку размена на информации, заеднички акции, организирање семинари, обуки и конференции, а многу често овие служби се организираат во форма на сојузи заради поефикасно и целисходно вршење на

[96] Willis, K., Anderson, J., Home, Peter, Measuring the effectiveness of drug law enforcement, Australian Institute of Criminology, *Trends & issues in crime and criminal justice* No. 406, 2011;

своите задачи. Во меѓународни рамки, особено значење за размената на информации околу дрогата имаат Интерпол, Европол, Канцеларијата за дрога и криминал при Обединетите нации, Меѓународното биро за контрола на дрогите и други организации во кои земаат учество голем број држави, а од друга страна националните полициски служби соработуваат со други институции, како во рамките на своите држави така и со другите држави во светот вклучувајќи ги и погореспоменатите служби. Истовремено, препорачливо е спроведување на заеднички специјализирани обуки, за казнените дела од областа на организираниот криминал, вклучително и за трговијата со дрога, психотропни супстанции и прекурзори.[97]

[97] Реформа на полицијата во рамката на реформите на кривично-правниот систем ОТНЗ/ЕСПП / Серија на изданија, Том 11, Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Виена, 2013;

### 6.3 Мултилатерален безбедносен капацитет за борба со транснационалниот организиран криминал

Државите се подготвени за справување со безбедносните закани што се излеваат од другите земји, но се помалку способни за развој на политика и на инструменти за ефикасна употреба на нетрадиционалните прашања, коишто не зависат од државата. Значајни проблеми може да се јават поради конфликтот помеѓу државни и недржавни „без суверенитет“ актери, како што се меѓународните терористичко-криминални организации[98].

Се наметнува прашањето како државите може да се борат против транснационалните организирани криминални организации. Но, како и за сите проблеми во светската политика, и за овој проблем нема лесно решение. Еден од пристапите е да се подобрат прибирањето на разузнавачките податоци и нивната аналитичка обработка, чијашто цел е подобро разбирање на транснационалните криминални организации, нивните мрежи и начините на кои тие го вршат нивниот бизнис. Ваквото „означување на теренот” бара од засегнатите земји да ги споделуваат информациите и да соработуваат на полето на разузнавањето (ЕВРОПОЛ). Друг чекор е да се развијат здружени програми и операции меѓу државите кои покажуваат интерес, волја и кои поседуваат капацитет да продрат во моќта на транснационалните криминални организации[99].

Исходите од режимот за борба со транснационалниот организиран криминал може да се набљудуваат во однос на:

1) самиот режим;

2) природата на предизвикот;

3) чувствителноста на доменот на спроведувањето на законот;

4) начинот на кој државите одговараат на барањата на режимот;

---

[98] Phil Williams, Transnational Criminal Organizations and International Security, *Survival*, 36, no.1 spring 1994, 110.
[99] Paul R Viotti and Mark V Kauppi, *International Relations and World Politics-Security, Economy, Identity*, Pearson- Prentice Hall, 2009, 437.

5)проблемот што се јавува кога динамичната закана се набљудува низ статична рамка.

Режимот за борба со транснационалниот организиран криминал е повеќе слаб отколку силен, во однос на барањата на државите-членки. Заканата што ја претставува транснационалниот организиран криминал е повеќе подмолна отколку драматична, повеќе суптилна отколку очигледна и повеќе е долгорочна отколку краткорочна. Резултатот е недостаток од ургенции, итност, чувство дека треба да се справи со транснационалниот организиран криминал дури откако ќе се појават посериозни закани што ќе бидат елиминирани.

- Одржувањето на законот и на редот е централно за територијалниот суверенитет. Поради тоа што законите и процесите на криминализација се толку важни за постојните ставови на политичката заедница и за ексклузивноста на суверенитетот, државите имаат вистински и оправдани причини за загриженост околу препуштањето на моќта за одредување и борба со криминалот на меѓународната заедница. Како резултат на тоа, државите сè уште фукционираат во свет со граници, додека транснационалниот организиран криминал функционира во свет без граници. Транснационалниот организиран криминал го разорува суверенитетот на реален начин, но државите сè уште не се подготвени да се откажат од формалноста на суверенитетот, со цел поефикасно да се борат.
- Државите често се неуспешни во обидот да ги исполнат нивните меѓународни обврски. Приспособувањето кон нормите и кон стандардите што ги бара режимот за борба со транснационалниот организиран криминал често се повеќе козметички отколку вистински. Државите ја прифаќаат обврската, но недостига тактика. Привидното приспособување е прифатливо поради тоа што иницијативите за вистинско приспособување и за цврста имплементација се минимални, како што е дестимулирањето за неуспехот. Без казни, неуспехот да се исполнат обврските е лесна и евтина опција. Празнините во капацитетот, недостигот на желба и подводливите, корумпирани или измамнички влади што го потчинуваат мултилатералниот капацитет да се борат со транснационалниот

организиран криминал, слабите врски - навистина го заоструваат мултилатералниот синџир[100].

Проблемот се лоцира во националните закони и во меѓународните конвенции коишто се базираат на транснационалниот криминал од минатото, а не на иднината. Транснационалниот организиран криминал е најдобро разбран во смисла на сложени и приспособливи системи, коишто претставуваат значајна подвижност, промена, можност и отпорност. Во најголема мера, како што сугерираат доказите, транснационалниот организиран криминал е мрежно поврзан и функционира низ мноштво криминални пазари, коишто понекогаш се поклопуваат; а тој процес е олеснет преку поврзаност со законски институции и со легитимни учесници. Во прилог на ова, транснационалниот организиран криминал има можност да преовлада. Од сиромашни влади и од демографски (зголемувања на цената), географски, урбанистички и социо-економски услови, транснационалниот организиран криминал се случува насекаде. Конфликтите им нудат можности за профит на криминалните организации и на други воинствени (господари на војната, терористи, милитанти, етнички фанатици, банди, бунтовници), користејќи ги криминалните активности за да ги финансираат своите политички и лични агенди. Според општата дефиниција за криминалните организации, тие имаат улога на медијатори - не само во мировни преговори, туку и во поствоени реконструкции и во напори да се обнови законското владеење. Иронично, со одговарање на поттикот за нелегално доставување, кој е несоодветно креиран од санкции или ембарго, транснационалниот организиран криминал го ослабнува напорот да превенира и да детерминира конфликти. Во прилог на ова, транснационалниот организиран криминал постојано бара нови простори за дејствување, како што е сајбер просторот, каде што е изложен на опасност интегритетот на информацискиот систем, се заканува на безбедноста и на сигурноста на податоците и ја поткопува довербата во електронската трговија. Транснационалниот организиран криминал е по природа динамичен и ова треба

---

[100] International Peace Institute and Phil Williams, IPI Task Forces on Strengthening Multilateral Security Capacity, Task Force One: Transnational Security Challenges, *Transnational Organized Crime*, April 1, 2008, достапно на: http://www.ipinst.org/ipi-task-forces-on-strenghtening-multilateral-security-capacity/.

да се рефлектира во стратегијата што се креира за да се бори против оваа безбедносна закана.

Поради тоа што денешните трендови, последиците и проценеите за организираниот криминал и за тероризмот во иднина честопати доведуваат до алармантни заклучоци, борбата против тие феномени доби приоритет, не само од европска перспектива, туку и од меѓународната заедница. Со оглед на вредноста на денешните процени, тероризмот и организираниот криминал во сите свои облици и во блиската иднина ќе претставуваат сериозна закана.

Таквите напори веќе резултираа со билатерални и со мултилатерални договори меѓу заинтересираните земји, со кои се преземаат мерки за спречување на ширењето на организираниот криминал и на терористичките активности. Друг битен тренд е и постојаната намера за воспоставување блиска соработка меѓу тајните служби заради размена на разузнавачки информации.

Соработката и координацијата ќе се одвиваат низ следниве чекори:

- преку редовна „размена на информации" меѓу стручњаците за борба против тероризмот и против организираниот криминал;
- со воспоставување заеднички антитерористички закони и прописи, со цел во борбата против тероризмот и против криминалните активности да постои единствен пристап[101];
- формирање база на податоци;
- едукација на јавноста за да ја сфати заканата од организираниот криминал врз демократските процеси;
- развивање социетална култура, која не го толерира присуството на организиран криминал. Податоците покажуваат дека кога владата и народот го одбиваат влијанието на организираниот криминал, криминалните групи не можат да преживеат[102].

[101] Mircea Gheordunescu, *The Future of Terrorism*, Frank Cass Publishers, 2002, 33.
[102] Joseph Albini, Peter-Raven-Hansen, Brian Sullivan, *Organized Crime: The National Security Dimension*, George C. Marshall European Center for Security Studies, 1999, 9.

Во овој контекст, суштински се неколку елементи:

- независност на судството;
- ограничување на парламентарниот имунитет;
- транспарентност на владините акти;
- соработка меѓу различни национални агенции, чие поле на работа е борбата против организираниот криминал;
- соодветен и на високо ниво тренинг за оние што се борат против организираниот криминал, посебно затоа што криминалците сè повеќе употребуваат „софистицирани" и специјализирани техники.

На пример, во претходните години организаторите на организираниот криминал и терористичките групи употребуваа „чисти пари", со нивно претходно перење низ разни легални или квазилегални активности, како што се бизнисите, невладините организиции, хуманитарните организации итн. Националните влади предложуваат закони за справување со проблемите поврзани со перењето пари и претставниците задолжени за спроведување на законот се обучени да се борат со криминалот. Но криминалците и терористите честопати употребуваат чисти пари и, затоа, претставниците на законот би требало да се обучуваат за пронаоѓање на терористичката вклученост и во легалните активности[103].

Кога станува збор за преферирање модел што би бил прифатен како можен за приспособување, тука работите се многу посложени. Иако безбедносните појави и организацијата за заштита од разни извори на загрозување на безбедноста се исти или слични особено за земјите од исти региони, па, може да се рече дека и организацијата на безбедносните системи, силите, средствата и методите за борба против криминалот и другите безбедносни ризици се исти или слични, кога станува збор за унифицирање на системот за безбедност, кај секоја земја и кај секоја нација има одредена доза на претпазливост, недоверба, страв од злоупотреби, можност за вртење на работите во несакани насоки и сл. Оттука, мислење е дека треба да се оди дел по дел

[103] Commission of the European Communities, The Stabilisation and Association Process for South East Europe, *First Annual Report*, Brussels, 2002, 163.

постепено, селективно, само за одреден вид закани, па, како довербата меѓу службите ќе расте така и процесот на унификација ќе добива во динамика.

Ваквиот став може да го потврди и досегашното функционирање на одредени делови од безбедносниот сектор во услови на глобализација на заканите, како што е Интерпол, СЕКИ центарот со седиште во Букурешт, каде што државите од Југоисточна Европа ги обединуваат информациите за сите облици на криминал и на тероризам, ЦЕИ и други[104].

Соработката во рамките на НАТО и на ЕУ е, исто така, многу важна поради желбата на земјите за европска и за евроатлантска интеграција, што може да биде средство за промовирање заеднички вредности, кои вклучуваат демократија, пазарна економија, човекови права итн.

На полето на соработка е неопходно создавање информациски системи и размена на разузнавачки информации, на национално и на регионално или меѓународно ниво.

### 6.3.1 Потребни политички и институционални иновации

Во денешното безбедносно опкружување, зголемената потреба од служби за разузнавање што ќе ги набљудуваат транснационалните прашања од домашен аспект (како што се тероризмот и транснационалниот организиран криминал) бара повторно да се даде акцент на соработката со другите национални безбедносни сили. Во повеќето демократии, службите за разузнавање имаат ограничени овластувања во откривање, запленување и во набљудување комуникации. Од таа причина, од нив се бара да соработуваат со другите безбедносни сили на сите нивоа на власта , како што се полициските, воените, жандармериските и воено-полициските сили, националната полиција, граничната полиција и царинските агенции[105].

Мултилатеризмот нуди база за градење заеднички нормативни рамки, програма за дејствување, одговорност и иницијативи што може да охрабрат

---

[104] Трајан Гоцевски, Унификација на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација, *Годишен зборник*, книга 61, 2008, 397-414.
[105] Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces, *Contemporary Challenges for the Intelligence Community,* March 2006, 4, достапно на: www.dcaf.ch/backgrounders.

координирана имплементација. За жал, многубројните актери никогаш не се координираат и преку нивните активности се развил целокупен стратегиски пристап за борба со транснационалниот организиран криминал. Иако постојат одделни пристапи што овозможуваат прогрес во специфични области, тие, исто така, водат кон фрагментација и кон зголемена имплементација и координативни трошоци. Последователно, треба да се усвојат поамбициозни пристапи. Можниот простор се обележува според два општи става: зголемена поврзаност и холистичка стратегија на развој.

Препораките треба да ја комбинираат централната координација со потребата којашто им наметнува на специјалните агенции да предводат во идентификување, набљудување и во обезбедување на ранливостите и на празнините во нивните области на одговорност. Во врска со заемното дејствување помеѓу криминалот и тероризмот, ова има неколку импликации за контратерористичка стратегија. Со користењето на „5-Д“ пристап за борба против тероризмот, идентификувани се некои од клучните препораки за интеграција на заканата предизвикана од поврзаноста помеѓу тероризмот и транснационалниот организиран криминал.

**Одвраќање:** Во теоријата, мислењето за одвраќање би требало да биде ефикасна алатка што може да се искористи против државите во кои заканата од заемно дејствување помеѓу криминалот и тероризмот би можела да биде штетна по националната безбедност. Одвраќањето историски било успешно користено меѓу актерите во државата и, притоа, има ограничена вредност за актерите што не се од таа држава, како и за транзициските средини што не ги предводат нивните дејства неопходно, според нашето разбирање за тоа како би требало да биде во една рационална држава. Иако одвраќањето се користи на државно ниво во поврзување со контра-тероризмот, неефикасно е кога се користи против влади што не се во можност да применат контрола над својата територија. Одвраќањето како алатка на контратероризмот би требало да се фокусира на контекстите во кои најверојатно ќе придонесува кон севкупната стратегија.

**Разубедување:** Разубедувањето е политички пристап што не бил адекватно вклучен во стратегиите на контратероризмот, и покрај неговата важност. На пример, разубедувањето може да се искористи за да се изгради

морален аргумент во банковниот сектор, кој е многу важен за да се разоткријат сите загуби поврзани со измама на властите бидејќи измамата не е само проблем на криминалноста, туку и обезбедува природна точка на вкрстување помеѓу криминалот и тероризмот.

**Одрекување:** Во врска со поврзаноста помеѓу криминалот и тероризмот, одрекувањето, како стратегија, претставува ситуација на замка. Иако важноста од блокирање на криминалните можности е важна и во контекст на антикриминалот и на контратероризмот, способноста да се идентификуваат злосторства што се од интерес и на криминалните и на терористичките мрежи обезбедува непроценлива разузнавачка алатка.

Притоа, пред да се вметне политиката на одрекување, важно е да се искористи сознанието за заемно дејствување помеѓу криминалот и тероризмот за да се соберат повеќе увиди со оглед на организацискиот дизајн на двете групи, вклучувајќи ги и основите на придобивката и на движењето на криминалното финансирање. Таквите сознанија не само што придонесуваат кон градењето цврсти случаи на службите за кривично гонење туку и помагаат за развивањето адаптивни модели на предвидување, кои им помагаат на службите за безбедност да ги фокусираат нивните ресурси.

**Дипломатија:** Како и кај одвраќањето, дипломатијата е алатка што во традиционалното опкружување најдобро работи кога вклучува дефинирани актери (учесници) од државата. Како и да е, дипломатијата еволуирала да ги запознае предизвиците на современиот систем и има апликација во контратероризмот кога се концептуализира како алатка што го поддржува одговорниот и пресметлив менаџмент на светската политика и на глобалната меѓузависност. Во контекст на заемната поврзаност помеѓу криминалот и тероризмот, дипломатијата е алатка што ефикасно би можела да се искористи за (а) да започне и да одржи дијалог меѓу актери што имаат интерес да ги намалат можностите за соработка помеѓу криминалните и терористичките мрежи и (б) да собере и да дистрибуира разузнавачки информации од/до актерите со способноста за придонесување кон идентификација и нарушување на врските помеѓу криминалот и тероризмот. Со други зборови, постои потреба за креативност со дипломатијата во контекст на контратероризмот, поместувајќи

се од потпирањето на државниот систем за да се вклучат актери со способност за менување на средината во која дејствуваат. Ова особено се однесува за нестабилни средини и држави што не применуваат власт или, пак, контрола на својата територија.

**Одбрана:** Иако одбраната е прифатена како многу важна компонента на контратероризмот, не може да се третира како a priori пристап кон националната безбедност кога се соочува со непријатели што не е лесно да се идентификуваат[106].

Современиот транснационален организиран криминал и борбата против него влијаеја системите на национална безбедност да се променат во две насоки:

1. значајно ширење безбедносни активности надвор од полето на традиционалните органи за безбедност и
2. потреба за целосно отворање на системите кон странските безбедносни системи, преку создавање наднационални безбедносни структури, многу поцврсто поврзани од класичните коалиции или воено-политички сојузи.

На овој проблем мора да се посвети големо внимание и справувањето со транснационалниот организиран криминал мора да се третира како феномен за која е неопходна интензивна меѓународна соработка и примена на сите безбедносни мерки и капацитети.

[106] Tamara Makarenko, *Criminal and Terrorist Networks: Gauging Interaction And The Resultant Impact On Counter-Terrorism*, Center for Transatlantic Relations, 2006-CTR-PACER project on the Five Dimensions of Homeland Security, 2006.

## 7. Заклучок

Организираниот криминал е динамичен концепт кој продолжува да се адаптира на постојаните промени на средината и на новите можности за криминал. Организираниот криминал е една од најголемите и најсериозни закани за секоја држава, за нејзината стабилност и развој. Постоењето организиран криминал ги слабее механизмите на државната власт одговорни за негово контролирање и сузбивање и значително го поткопува авторитетот и капацитетот на институциите. На тој начин се отежнува ефикасноста во остварувањето на човековите права, безбедноста, владеењето на правото и демократијата во целина. И покрај тоа што земјите го признаваат негативното влијание на организираниот криминал врз нивните општества, сепак сѐ уште не се достапни проценки во однос на загубите на јавните приходи или проценки за големината на домашниот пазар на наркотици. Со мали исклучоци, системите за спроведување на законот во регионот сѐ уште немаат капацитет за прибирање разузнавачки податоци, нивна анализа и спроведување истраги по тој основ. Донесувањето соодветни законски прописи, формирањето посебни тела, остварување одредени облици на регионална и меѓународна соработка, како и преземање посебни акции за сузбивање на дејствувањето на организираните криминални групи вообичаено треба да резултира со спречување и откривање на таквите активности. Но, и покрај сите напори на државата да ги минимизира условите кои придонесуваат за создавање и развој на организираните криминални групи, во современи услови тие добиваат нови форми и содржини, и имаат негативни последици за националната безбедност.

Зависноста од дроги е општествена појава која е составен и нераскинлив дел од развојот на секое општество и која во континуитет покажува тенденција на пораст, а пак од друга страна, порастот на зависноста од дроги е непосредно поврзан за криминалитетот, што се огледува низ податоците за трговијата со дрога и за другите илегални дејствија поврзани со производството, дистрибуцијата и прометот со дроги. Постоењето на сите овие илегални дејствија, доведува и до формирање на посебен вид криминалитет поврзан со дрогите познат како нарко-криминалитет, чие создавање е мотивирано од високите профити кои се стекнуваат преку трговијата со наркотици. Овој криминалитет, исто како и самата зависност од дроги, е во постојан пораст, а

криминалните групи кои се занимаваат со овој вид на криминалитет стануваат сѐ поорганизирани, попрофесионализирани и секако пософистицирани следејќи ги најновите технолошки достигнувања и трендови. Со други зборови, за овие криминални групи не постојат граници, па токму поради тоа неопходно е преземање на сите неоходни механизми за нивно навремено откривање и спречување, а сето тоа во насока на превенирање на зависноста од droги на долг рок. Во тој поглед особено значење имаат полициските служби кои се задолжени не само за откривање на нарко-криминалитетот кој најчесто е дел од организираниот криминалитет, туку и за откривање на т.н. уличен криминалитет со наркотици преку кој се дејствува врз намалување на достапноста на наркотиците до крајните корисници. Улогата на полициските служби во откривањето и сузбивањето на нарко-криминалитетот се огледа преку мерките и активностите кои ги преземаат, а од особено значење за реализирање на доверените задачи е правилната организација на полициските служби и нивната опременост и екипираност, како и нивната меѓусебна соработка, но соработката со другите национални и меѓународни институции и организации. Сето ова, на крајот ќе придонесе за превенирање на зависноста од наркотици, бидејќи токму навременото откривање на нарко-криминалитетот претставува императив за ефикасна превенција од дроги.

Меѓународната полициска соработка започнува локално и завршува на меѓународно ниво. Полициската меѓународна соработка, покрај меѓународните и националните правни рамки, размената на добри практики, заедничко тренирање и обука, пред сé, се заснова на размена на информации дадени на земјите учеснички, т.е. тие испраќаат полициски единици за меѓународна оперативна соработка исклучиво со заштитен комуникациски канал.

Во зависност од законодавството на секоја држава се применуваат различни облици на посебни истражни мерки, а кои во најголем дел произлегуваат од конвенциите за борба против организираниот криминал и препораките на засегнатите страни (држави-потписнички и специјализирани меѓународни агенции или организации што се занимаваат со откривање и сузбивање на организираниот криминал).

Главни заклучоци кои произлегуваат од истражувањето во магистерскиот труд се: тенденција на јакнење на врските меѓу трговијата со дроги и другите облици на криминалот; брзи промени на пазарите на дрогите во врска со

глобализацијата и напредните технологии, односно криминалните групи побрзо ја прифаќаат можноста која дава полесен пристап до информациите, интернетот и порастот на меѓународната трговија; и географската концентрација на криминалните групи специјализирани за droги во границите на ЕУ и во Западен Балкан.

Во истражувањето за магистерскиот труд, голем број гранични премини беа идентификувани како жаришта на недозволена активност. Она што е најважно е локацијата на овие јазли, а не протокот на одредена стока. Повеќето од групите кои работат во овие региони се поликриминални кои контролираат коридор низ кој се шверцуваат широк спектар на луѓе и стоки (оружје, дрога, цигари, автомобили и стоки за широка потрошувачка). Иако овој список не е сеопфатен, тој е индикативен за некои од главните гранични области што се користат за криумчарење и илустративен за видовите на транснационален криминал што се извршува.

Треба да се има предвид со сите овие видови криминал дека Западниот Балкан не функционира во вакуум. Поголемиот дел од побарувачката за производи/наркотици кои се или произведени во или транзитираат низ регионот доаѓаат од надвор од регионот – особено од земјите-членки на ЕУ. Ова сугерира дека решението исто така бара соработка со надворешни актери.

Овој магистерски труд ги идентификува жариштата на организираниот криминал во Западен Балкан. Не е за изненадување што многу од овие јазли на недозволена активност се долж границите, во зони на лошо или оспорено владеење, ранливи економски региони, како и пристаништа и урбани области лоцирани во главните транспортни центри.

Како резултат на тоа, додека локалните развојни и/или интервенции за спроведување на законот може да ја намалат криминалната активност во некои од овие жаришта, ако не се подобри управувањето и интегритетот, на нивно место ќе се појават други.

Регионот на Западен Балкан е жртва на својата географија односно тој е транзитен регион за поголем дел од нелегалните текови што минуваат низ него. Додека побарувачката и понудата за овие стоки и услуги не се намали, Балканот ќе остане крстопат за нелегална трговија. Всушност, подобрувања во инфраструктурата без подобрувања во спроведувањето на законот и граничното управување (како што е поефикасното користење на технологијата,

прекуграничната соработка и раководењето со разузнавачките служби) само ќе ја зголемат ефикасноста на нелеганите трговци за трговија со наркотици.

Откривањето на овој вид криминалитет, бара вклучување на голем број општествени субјекти. Притоа, најголема улога во откривањето на нарко-криминалитетот имаат полициските служби, чие ефикасно работење не само што ќе се овозможи навремено откривање и спречување на нарко-криминалитетот, туку и ќе создаде услови за превенирање на зависноста од нарктоици на долг рок. Ниедна земја не може самостојно да се справи со проблемот со наркотици. Особено ранливи се земјите со слаба општествена и институционална структура или земји каде што политичките настани, домашната нестабилност или внатрешните или регионалните конфликти придонеле кон слабеењето на државните структури или контроли.

**Користена литература**


1. Alex Cooper, Interpol Votes in South Korea's Kim Jong Yang as President, *Organized Crime and Corruption Reporting Project,* 2018.
2. Anthony J. Balzer. International Police Cooperation: Opportunities and Obstacles, Policing in Central and Eastern Europe, College of Police and Security Studies, Slovenia, 1996, достапно на: http//www.ncjrs.gov//policing/int63.htm
3. Biljana Vankovska, "The Impact of conflict and Corruption on Macedonia's Civil-Military Relations", in Born Hans (Ed), "Civil-military relations in Europe: Learning from crisis and institutional change", Routledge, Taylor & Francis Group, UK, 2006.
4. Commission of the European Communities, The Stabilisation and Association Process for South East Europe, *First Annual Report*, Brussels, 2002.
5. Council's Standing Committee on Operational Cooperation on Internal Security (COSI), Europol, 2019, достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/finnish-presidency-activities-internal-security-kick-informal-cosi-meeting-europol
6. Degenhard Marx, Gerallt Williams and Matthias Birkhoff, *Intranasal Drug Administration — An Attractive Delivery Route for Some Drugs, Drug Discovery and Development - From Molecules to Medicine*, Omboon Vallisuta and Suleiman Olimat, IntechOpen, 2015.
7. Drug Situation Analysis Report South Eastern Europe, Paris Pact Initiative, A partnership to counter the trafficking and consumption of opiates originating in Afghanistan, UNODC Programme for South Eastern Europe, 2011.
8. EMPACT (European Multidisciplinary Platform against Criminal Threats) – Европска мултидисциплинарна платформа против закани.
9. EU Action Plan on Drugs 2013-2016, Notices from European Union Institutions, Bodiers, Offices and Agencies, Official Journal of European Union.
10. EU Drugs Strategy (2013-2020), Official Journal of European Union, EUR-lex, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A52012XG1229%2801%29

11. EUROJUST- The European Union's Judicial Cooperation Unit, Единица за судска соработка на Европската унија.
12. European Drug Report 2017*: Trends and Developments, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction Publications Office of the European Union*, Luxembourg, 2017.
13. European Monitoring Center for Drugs and Drug Addiction, *Macedonia: Country Overview*, Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2009.
14. European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA), *Drugs Policy and the City in Europe,* Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2015.
15. European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, *Estimating the size of the main illicit retail drug markets in Europe: an update*, EMCDDA, Lisbon, December 2019.
16. European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, *European Drug Report 2014: Trends and developments*, EMCDDA, Lisbon, May 2014, достапно на: http://www.emcdda.europa.eu/publications/edr/trends-developments/2014_en
17. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation (Europol), *Business Fundamentals, How Illegal Drugs sustain Organized Crime in the EU,* 2017.
18. European Union Serious and Organised Crime Threat Assessment, Crime in the age of technology, EUROPOL, 2017.
19. EUROPOL. *Illicit Drugs: EU Report unveils new worrying trends in smuggling and consumption*, Brussels, Belgium, 2013.
20. EUROPOL, *Crime Areas,* 2020, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas
21. EUROPOL, *EU Drug Markets Report*, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.
22. EUROPOL, *EU Policy Cycle-EMPACT,* 2019, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: https://www.europol.europa.eu/empact

23. EUROPOL, *Fighting crime with a full arsenal of tools*, 2020, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на https://www.europol.europa.eu/activities-services/services-support
24. EUROPOL, *Values, A Strategy for Security*, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, 2020, достапно на: https://www.europol.europa.eu/about-europol/our-thinking
25. EUROPOl. International Drug Trafficking Network Disrupted, 2019 достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/international-drug-trafficking-network-disrupted.
26. Europski centar za praćenje droga i ovisnosti o drogama, Europsko izvješće o drogama, Trendovi i razvoj, 2018
27. Fabian Zhilla and Besfort Lamallari, *Evolution of Albanian organized crime*, Open Society Foundation for Albania, 2016, достапно на: https://www.academia.edu/35335836/Evolution_of_Albanian_Organized_Crime.
28. Filip Rudic, Serbian court convicts Saric of drug smuggling, Balkan Insight, 2018, достапно на: https://balkaninsight.com/2018/12/10/serbian-court-convicts-alleged-balkans-drug-lord-12-10-2018/
29. Fooner, M. (1989), *Interpol - Issues in World Crime and International Criminal justice*, Springer Science+ Business Media, LLC, New York.
30. Fuad Džaka, Znacaj medunarodne policijske saradnje I savremenih policijskih sluzbi u borbi protiv svih oblika medunarodnog kriminaliteta, 2009.
31. Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces, *Contemporary Challenges for the Intelligence Community,* March 2006, 4, достапно на: www.dcaf.ch/backgrounders.
32. Global Initiative Against Transnational Organized Crime, *Hotspots in Organized Crime in the Western Balkans, Local vulnerabilities in a regional contex*t, Geneva, Switzerland, 2019.
33. http://www.sudstvo.mk/
34. https://akademik.mk/evropol-vo-eu-dejstvuvaat-3-600-kriminalni-grupi-megunarodnata-trgovija-so-droga-i-ponatamu-najgolem-problem/
35. https://civilmedia.mk/operativen-tsentar-na-evropol-30-zemji-zdruzheno-vo-borbata-protiv-kriminalot-na-zapaden-balkan/
36. https://svedok.org.mk/mk/record.php?id=540

37. https://www.interpol.int/es/Delitos/Trafico-de-drogas
38. https://www.libertas.mk/privedeni-14-litsa-i-zapleneto-oruzhje-i-droga-vo-operatsijata-balkan-triger-na-interpol/
39. Igor Spaic, The long trial of the Balkan cocaine king, Organized Crime and Corruption Reporting Project, 2016, достапно на: https://www.occrp.org/en/blog/4910-the-long-trial-of-the-balkan-cocaine-king.
40. International Peace Institute and Phil Williams, IPI Task Forces on Strengthening Multilateral Security Capacity, Task Force One: Transnational Security Challenges, *Transnational Organized Crime*, April 1, 2008, достапно на: http://www.ipinst.org/ipi-task-forces-on-strenghtening-multilateral-security-capacity/.
41. INTERPOL, Drug analysis and intelligence, RELIEF Database, 2019, достапно на: https://www.interpol.int/fr/Infractions/Trafic-de-stupefiants/Analyse-et-renseignement-sur-les-stupefiants
42. INTERPOL, Drug Trafficking, 2019, достапно на: https://www.interpol.int/en/Crimes/Drug-trafficking
43. INTERPOL, *Governance*, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Governance
44. INTERPOL, *INTERPOL: Trace the money to fight drug trafficking*, (first INTERPOL Global Conference on Illicit Drugs to more efficiently tackle the trafficking of drugs), 26 April 2018.
45. INTERPOL, *Member Countries*, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Member-countries
46. INTERPOL, National Centar Burreaus, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Member-countries/National-Central-Bureaus-NCBs
47. INTERPOL, Secretary Gerneral, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/General-Secretariat/Secretary-General
48. INTERPOL, *What is INTERPOL*, 2020, достапно на: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/What-is-INTERPOL
49. Jamieson, A.,"Global Drug Trafficking", *Conflict Studies*, 1990, 234.

50. Joseph Albini, Peter-Raven-Hansen, Brian Sullivan, *Organized Crime: The National Security Dimension*, George C. Marshall European Center for Security Studies, 1999.
51. K Butorac, LM Todorovic, Razlike medu ovisnicima delinkventima s obzirom na direktnu i indirektnu involviranost u kriminalitet vezan uz drogu, *Kriminologija & socijalna integracija* 10 (1), 2002.
52. Kennedy, D. M., Wong, S., *The High Point Drug Market Intervention Strategy*, Center for Crime Prevention and Control, John Jay College of Criminal Justice Washington, D.C., 2009.
53. Kristy Kruithof, The role of the 'dark web' in the trade of illicit drugs, RAND Corporation, 2016.
54. Miranda Patrucic, Montenegro: Prime minister’s family bank catered to organized crime, Organized Crime and Corruption Reporting Project, 2014, достапно на: https://www.reportingproject.net/unholyalliances/prime-ministers-family-bank-catered-to-organized-crime.html.
55. Mircea Gheordunescu, *The Future of Terrorism*, Frank Cass Publishers, 2002.
56. Mounteney, J., Oteo, A., Griffiths, P., European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, The internet and drug markets, *EMCDDA Insight*s 21, Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2016.
57. Paul R Viotti and Mark V Kauppi, *International Relations and World Politics-Security, Economy, Identity*, Pearson- Prentice Hall, 2009.
58. Phil Williams, Transnational Criminal Organizations and International Security, *Survival*, 36, no.1 spring 1994, 110.
59. Pino Arlacchi, The Dynamics of Illegal Markets", in Phil Williams, Dimitri Vlassis. *Combating Transnational Crime: Concepts, Activities and Responses*, London and Portland: Frank Cass, 2001.
60. Robert J. Bunker, & John P. Sullivan, "Cartel Evolution: Potentials and Consequences", Transnational organized Crime, vo.4, no. 2, 2012, p. 57.
61. SELEC, Organized Crime Threat Assessment for Southeast Europe, Southeast European Law Enforement Center, Bucharest, Romania, 2018, достапно на: https://www.selec.org/wp-content/uploads/2019/02/OCTA-SEE.pdf
62. SELEC. Report on Drug Seizures in South Eastern Europe, 2012.

63. SOCTA (Serious and Organised Crime Threat Assessment), Identifying the priorities in the fight against major crime, 2019, достапно на: https://www.europol.europa.eu/socta-report
64. Tamara Makarenko, *Criminal and Terrorist Networks: Gauging Interaction And The Resultant Impact On Counter-Terrorism*, Center for Transatlantic Relations, 2006-CTR-PACER project on the Five Dimensions of Homeland Security, 2006.
65. United Nations Office on Drugs and Crime, Drug money: the illicit proceeds of opiates trafficked on the Balkan route, 2015, достапно на: https://www.unodc.org/documents/islamicrepublicofiran//publications/sp1/Drug_Money_-_the_illicit_proceeds_of_opiates_trafficked_-_Balkan_route.pdf.
66. United Nations Office on Drugs and Crime, *UNODC Annual Report*, Vienna, 2014.
67. United States Department of State, International narcotics control Strategy Report: drug and chemical control, Volume 1, 2018, достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/278759.pdf
68. UNODC (ed.), 2007 World Drug Report, UNODC, New York, 2007.
69. UNODC Report. "*The Illicit Drug Trade through South Easter Europe*". United Nations, 2014.
70. Walter Kemp, Crooked kaleidoscope: Organized crime in the Balkans, Global Initiative against *Transnational Organized Crime policy paper*, 2017, 1, достапно на: https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2017/07/OC_balkans.pdf.
71. Willis, K., Anderson, J., Home, Peter, Measuring the effectiveness of drug law enforcement, Australian Institute of Criminology, *Trends & issues in crime and criminal justice* No. 406, 2011.
72. Арнаудовски, Љ, и др. *Полициско работење во мултиетничка средина*, Прирачник (второ дополнето издание), Здружение на граѓани Центар за отворена комуникација, Скопје, 2003.
73. Гогов, Б. Движење на криминалот со дрога во Република Македонија, *Безбедност,* бр. 3, Скопје, 1998, стр. 325

74. Гоцевски, Т. Унификација на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација, *Годишен зборник*, книга 61, 2008.
75. Европскиот кодекс за полициската етика, „Сл. весник на РМ“, бр. 72/07.
76. Европол, достапно на: https://mvr.gov.mk/page/europol
77. Европска акција за спречување криминал во Западен Балкан, 2019, достапно на: https://sitel.com.mk/evropska-akcija-za-sprechuvanje-kriminal-vo-zapaden-balkan
78. Завод за статистика на Албанија, Население, 2019, достапно на: http://www.instat.gov.al/al/temat/treguesit-demografik%C3%AB-dhesocial%C3%AB/popullsia/#tab2.
79. Интерпол, достапно на: https://mvr.gov.mk/page/interpol
80. Камбовски, В., *Организиран криминал*, 2 август С - Штип, Скопје, 2005.
81. Конвенција на Организацијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (точка 3), усвоена на Генералното собрание (педесет и петто заседание), ноември 2000 год.
82. Котовчевски Митко, „Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран криминал„, Зборник - Глобализација, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје, 2008.
83. Лајман, Д., М., Потер, Б., Г., *Организиран криминал,* Магор, Скопје, 2009.
84. Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, *Проценка на закани од сериозен и организиран криминал*, 2016, Скопје.
85. Реформа на полицијата во рамката на реформите на кривично-правниот систем ОТНЗ/ЕСПП / Серија на изданија, Том 11, Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Виена, 2013;
86. Стратешки план 2018-2020, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Скопје, Македонија, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%A1%D0%9F-2018-2020-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%B0%D1%98%D1%82(1).pdf
87. Сулејманов, З., *Криминологија* (четврто издание), Графохартија, Скопје, 2009.

88. Тања Милошевска. *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*, Филозофски факултет, Скопје, 2016.
89. Татјана Петрушевска, *Национална стратегија за дрога на Република Македонија 2014-2020*, Република Македонија, достапно на: http://www.cph.mk/ftp/Strategii/Nacionalna%20strategija%20za%20droga%20%20mkd%20strategija%202014-2020.pdf
90. Тодоровски Љ., *Наркокриминал и наркомафија*, Скопје, 2014 година.
91. Тодоровски, Љ., Развивање на стратегии за следење на развојот на понови форми на нарко-криминал во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем за контрола на дрога, Докторска дисертација, Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, 2012.